# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТА
## на ООУ „Јоаким Крчоски“

Волково, Ѓорче Петров

учебна 2023-2024 година





Јуни, 2024 година

# 1.ОПШТИ ПОДАТОЦИ ЗА ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ

## 1.1.ТАБЕЛА СО ОПШТИ ПОДАТОЦИ

### ЛИЧНА КАРТА НА ООУ „ЈОАКИМ КРЧОСКИ“, Волково

| Податоци | |
|---|---|
| Име на основното училиште | ООУ „Јоаким Крчоски“ |
| Адреса, општина, место | Волково, Ѓорче Петров, Скопје |
| Телефон | 02/2053-117 |
| Факс | 02/2053-117 |
| Веб-страница | www.oujoakimkrcoski.edu.mk |
| Е-маил | ou-joakimkrchoski-volkovo-gjorchepetrov@schools.mk |
| Основано од... | Собрание на општина Идадија<br>1982 Централно училиште со 3 подрачни училишта во Кучково, Никиштани и Грачани<br>1995 подрачно училиште во Грачани е укинато<br>1999/2000 подрачно училиште во Кучково е укинато |
| Општинско основно училиште | 2007 Општина Ѓорче Петров |
| Верификација-број на актот | 11-587/16 |
| Година на верификација | 31.01.1986 |
| Година на изградба | 1948-1950, доградба 1976-1978 |
| Тип на градба | Масивна |
| Внатрешна површина на училиштето ($m^2$) | 2 ката, 960 $m^2$ |
| Површина на училишен двор ($m^2$) | 5000 $m^2$ |
| Површина на спортска сала | 800 $m^2$ |
| Начин на загревање на училиштето | Со сопствено централно греење на течно гориво |
| Училиштето работи во смени | 2 (две) |
| Број на одделенија | 9 |
| Број на паралелки | 18 |
| Број на комбинирани паралелки | / |
| Јазик/јазици на кој/кои се реализира наставата во училиштето | Македонски јазик |
| Во основното училиште има паралелки за ученици со посебни образовни потреби | / |
| Во основното училиште има паралелки од музичко училиште | / |
| Во основното училиште има ресурсен центар | / |
| Други податоци карактеристични за основното училиште | / |

## ЛИЧНА КАРТА НА ОПОУ „ЈОАКИМ КРЧОСКИ“, Никиштани

| Податоци | |
|---|---|
| Име на основното подрачно училиште | ОПОУ „Јоаким Крчоски“ |
| Адреса, општина, место | Никиштани, Ѓорче Петров, Скопје |
| Телефон | 02/2053-216 |
| Факс | 02/2053-117 |
| Веб-страница | www.oujoakimkrcoski.edu.mk |
| Е-маил | ou-joakimkrchoski-volkovo-gjorchepetrov@schools.mk |
| Основано од... | 1982 |
| Верификација-број на актот | 11-587/16 |
| Година на верификација | 31.01.1986 |
| Година на изградба | 1948-1950, доградба 1969-1970 |
| Тип на градба | Масивна |
| Внатрешна површина на училиштето ($m^2$) | 1 кат , 460$m^2$ |
| Површина на училишен двор ($m^2$) | 3600 $m^2$ |
| Површина на спортски терени и игралишта | 1000 $m^2$ |
| Начин на загревање на училиштето | Со сопствено централно греење на дрва |
| Училиштето работи во смени | 2 (две) |
| Број на одделенија | 9 |
| Број на паралелки | 9 |
| Број на комбинирани паралелки | / |
| Јазик/јазици на кој/кои се реализира наставата во училиштето | Албански јазик |
| Во основното училиште има паралелки за ученици со посебни образовни потреби | / |
| Во основното училиште има паралелки од музичко училиште | / |
| Во основното училиште има ресурсен центар | / |
| Други податоци карактеристични за основното училиште | / |

# 1.2. ОРГАНИ НА УПРАВУВАЊЕ, СТРУЧНИ ОРГАНИ И УЧЕНИЧКО ОРГАНИЗИРАЊЕ ВО ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ

| | |
|---|---|
| Членови на Училишен одбор | Борјанка Стојчевска, Сања Андевска, Имране Селмани, Игор Јовановски, Исамедин Амети, Ламбе Крстески и Александра Ивановска |
| Членови на Советот на родители | 18 во централно училиште и 9 во подрачно училиште (по еден претставник од секоја паралелка). |
| Стручни активи (видови) | Стручни активи на македонски и албански наставен јазик: одделенска настава, природна група предмети и општествена група предмети |
| Одделенски совети (број на наставници) | 28 централно училиште, 14 подрачно училиште. |

| | |
|---|---|
| Членови на Училишниот инклузивен тим | Марија Петреска, Ана Настова, Јасмина Стојановска, Дијана Николовска Стоилковска, Елеонора Трајковска, Гордана Несторовска, Симона Лекоска |
| Заедница на паралелката (број на ученици) | 54 (по еден претставник и еден заменик од секоја паралелка). |
| Членови на Ученички парламент (број на ученици, име и презиме на претседателот на Ученичкиот парламент) | Ученички парламент централно училиште – претседател на Ученички парламент 16 членови (претседатели и потпретседатели на одделенските заедници) Ученички парламент подрачно училиште – претседател на ученички парламент 8 членови (претседатели и потпретседатели на одделенските заедници) |
| Ученички правобранител | Ученик правобранител Борјана Тодоровска, ученик заменик правобранител Ангела Цветковска. |

# 2. ПОДАТОЦИ ЗА УСЛОВИТЕ ЗА РАБОТА НА ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ

## 2.1. ПОДАТОЦИ ЗА УЧИЛИШНИОТ ПРОСТОР

| ПОДАТОЦИ ЗА УЧИЛИШНИОТ ПРОСТОР | | |
|---|---|---|
| **Вкупен број на училишни згради** | **ООУ „ЈОАКИМ КРЧОСКИ“, Волково** | **ОПОУ „ЈОАКИМ КРЧОСКИ“, Никиштани** |
| Вкупен број на училишни згради | 1 | 1 |
| Број на подрачни училишта | / | 1 |
| Бруто површина | 960 $m^2$ | 455 $m^2$ |
| Нето површина | 960 $m^2$ | 455 $m^2$ |
| Број на спортски терени | 1 | 1 |
| Број на спортска сала | 800 $m^2$ | / |
| Број на катови | 2 | 1 |
| Број на училници | 10 | **7** |
| Број на помошни простории | 1 | 1 |
| Училишна библиотека | 1 | / |
| Начин на загревање на училиштето | Со сопствено централно греење | Со сопствено централно греење |

## 2.2. ПРОСТОР

### ООУ „Јоаким Крчоски“ Волково

| Просторија | Вкупен број | Површина ($m^2$) | Состојба (се оценува од 1 до 5, согласно Нормативот од 2019 година) | Забелешка (се наведува потребата од дополнителни простории, реконструкции) |
|---|---|---|---|---|
| Училници | 10 | 542 | Трет степен на развиеност<br>Училиште со 10 универзални училници | Недостасуваат 8 училници за реализација на едносменска настава по новата концепција |
| Кабинети | 1 | 45 | | Потребно е внатрешно доуредување за адекватна реализација на наставата од природна група предмети |
| Простирија за индивидуална работа | 1 | 15 | Помошна просторија од сала | Неопходно е дополнување со нагледни средства и реквизити |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| со деца | | | | |
| Библиотека | 1 | 16 | Мала просторија | Недоволен број на книги, лектири и стручна литература |
| Медијатека | / | / | | Потребна е училишна медијатека |
| Читална | / | / | | |
| Спортска сала | 1 | 800 | | |
| Канцеларии | 4 | 54 | Просторија за наставничка канцеларија<br>Просторија за раководството на училиштето<br>Просторија за администрацијата<br>Просторија за стручната служба | Несоодветна просторија за наставничка канцеларија |
| Училишен двор | / | 5000 | Училишна зграда,спортски терен | |
| Заеднички простор за прослави | / | / | | |
| Кујна | / | / | | |
| Трпезарија | / | / | | |
| Друго | | 375 | Просторија за помошниот персонал, влезови, холови, просторија за техничко одржување на зградата; просторија за греење, санитарно – хигиенски простории | |

## ОПОУ „Јоаким Крчоски“ Никиштани

| Просторија | Вкупен број | Површина ($m^2$) | Состојба (се оценува од 1 до 5, согласно Нормативот од 2019 година) | Забелешка (се наведува потребата од дополнителни простории, реконструкции) |
|---|---|---|---|---|
| Училници | 7 | 320 | Училиште со 6 училници и 1 помала просторија во која се реализира настава во I одделение | |
| Кабинети | / | / | | Специјализирана просторија за адекватна реализација на наставата од природна група предмети |
| Библиотека | / | / | | |
| Медијатека | / | / | | |
| Читална | / | / | | |
| Спортска сала | / | / | | Неопходна е изградба на спортска сала со соблекувални за учениците |
| Канцеларии | 2 | 41 | Просторија за наставничка канцеларија;<br>Просторија за раководството на училиштето; | Несоодветна просторија за наставничка канцеларија |
| Училишен двор | / | 3600 | Училишна зграда и спортско игралиште | |
| Заеднички простор за прослави | / | / | | |
| Кујна | / | / | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Трпезарија | / | / | | |
| Друго | | 185 | Просторија за помошниот персонал, влез, хол. просторија за греење, санитарно – хигиенски простории; | |

## 2.3. ОПРЕМА И НАСТАВНИ СРЕДСТВА СОГЛАСНО „НОРМАТИВОТ И СТАНДАРДИТЕ ЗА ПРОСТОР, ОПРЕМА И НАСТАВНИ СРЕДСТВА“

| **Наставен предмет (одделенска и предметна настава)** | **Постоечка опрема и наставни средства** | **Потребна опрема и наставни средства** |
|---|---|---|
| Во централното училиште | Една училница е опремена со 5 компјутери за настава по информатика | Потребни се смарт табли за потребите на наставата според новата концепција |
| Во подрачното училиште | Една училница е опремена со компјутери за настава по информатика | Потребни се 4 телевизори или смарт табли за потребите на наставата според новата концепција |
| Наставници (одделенска и предметна настава) | 39 мали лаптоп-компјутери (но не се во функција и треба да се заменат со нови) | Имаат потреба од соодветна информатичка технологија (компјутер-лап топ) за непречена реализација на наставата |
| Училиштето располага со: | 4 PC компјутери и 2 лаптопи во службените простории и 10 PC за непречена реализација на наставата | |
| Информатичко технолошка и мултимедијална опрема | 1 фотокопир, 1 мултифункционален уред копи факс, 3 мултифункционални фотокопири за настава (2 во централно и 1 во подрачно училиште), 3 принтери, опрема за видео надзор (во централното училиште), 4 LCD проектори, таблети, 11 смарт телевизори (10 во централно училиште и 1 во подрачно училиште) | Потребни се СМАРТ табли за функционална реализација на современата настава |
| Музички инструменти | 1 синтисајзер, појачало со звучници, 2 микрофони, звучник. | |
| Спортски реквизити | Топки, чуњеви, јажиња, греди, мрежа и сл. | Потреба од разни видови спортски реквизити |
| Училишна библиотека | Книги, учебници, стручна литература | Потреба од учебници, енциклопедии и стручна литература |
| Средства | Постери, плакати, училишни карти | Обновување на постоечките и потреба од нови |
| Материјали | Дидактички материјал по математика, физика, биологија, хемија, географија | |
| Играчки | Разни видови на друштвени игри и играчки | |

## 2.4. ПОДАТОЦИ ЗА УЧИЛИШНАТА БИБЛИОТЕКА

| **Реден број** | **Библиотечен фонд** | **Количество** |
|---|---|---|
| 1. | Книги | 3100 |
| 2. | Учебници | 5800 |
| 3. | Стручна литература | 1000 |

## 2.5. РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПЛАН ЗА ОБНОВУВАЊЕ И АДАПТАЦИЈА ВО ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ

| Што се преуредува или обновува | Површина во $m^2$ | Намена |
|---|---|---|
| Опремување на училница со училишен мебел за кабинетска настава – биологија и хемија | 45 | Училница за класична и кабинетска настава |
| Помошна просторија за индивидуална работа со деца | 15 | Просторија за индивидуална работа со деца (додатна настава, дополнителна настава, сензорна соба) |

# 3. ПОДАТОЦИ ЗА ВРАБОТЕНИТЕ И ЗА УЧЕНИЦИТЕ ВО ООУ „ЈОАКИМ КРЧОСКИ”

## 3.1. ПОДАТОЦИ ЗА ВРАБОТЕНИТЕ КОИ ЈА ОСТВАРУВААТ ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНАТА РАБОТА

| Ред Бр. | Име и презиме | Год. на раѓање | Звање | Степен на образование | Работно место | Ментор /советник | Години на стаж |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Гордана Несторовска | 1968 | Специјалист по училишна психологија | VII Б | Стручен соработник - психолог | | 30 |
| 2. | Босилка Симоноска- Донева | 1979 | Професор | VI A | Стручен соработник - библиотекар | | 22 |
| 3. | Симона Лекоска | 1993 | Специјален едукатор -рехабилитатор | VI A | Стручен соработник -дефектолог | | 6 |
| 4. | Борјанка Стојчевска | 1964 | Наставник | VI Б | Наставник математика-физика | | 27 |
| 5. | Катица Георгиева | 1972 | Професор | VI A | Наставник по музичко образование | | 27 |
| 6. | Соња Лазороска | 1974 | Професор | VI A | Наставник по математика - физика | | 23 |
| 7. | Марија Ставреска | 1968 | Професор | VI A | Наставник по ликовно образование | | 23 |
| 8. | Љупка Христова | 1974 | Професор | VI A | Наставник по историја | | 21 |
| 9. | Силвана Миленковиќ | 1974 | Професор | VI A | Наставник по физичко образование | | 21 |
| 10. | Марија Петреска | 1984 | Професор | VI A | Наставник по англиски јазик | | 16 |
| 11. | Ана Настова | 1979 | Професор | VI A | Наставник по биологија | | 14 |
| 12. | Гордана Костовска | 1972 | Професор | VI A | Наставник по информатика | | 14 |
| 13. | Маријана Дејкоска | 1984 | Професор | VI A | Наставник по англиски јазик | | 10 |
| 14. | Даниела Кимовска | 1975 | Професор | VI A | Наставник по македонски јазик | | 15 |
| 15. | Јасмина Стојановска | 1980 | Професор | VI A | Наставник по англиски јазик | | 18 |
| 16. | Игор Анѓелески | 1986 | Професор | VI A | Наставник по физичко образование | | 13 |
| 17. | Кире Николоски | 1982 | Професор | VI A | Наставник по географија | | 4 |
| 18. | Славица Тренкоска | 1984 | Професор | VI A | Наставник по француски јазик | | 14 |
| 19. | Силвана Савевска | 1980 | Професор | VI A | Наставник по етика | | 13 |
| 20. | Валентина Ивановска | 1969 | Магистер по менаџмент на човечки ресурси | VII A | Наставник по одделенска настава | ментор | 29 |
| 21. | Јованка Костовска | 1978 | Професор | VI A | Наставник по одделенска настава | | 21 |
| 22. | Сања Андевска | 1979 | Професор | VI A | Наставник по одделенска настава | | 21 |
| 23. | Маја Тодоровска | 1978 | Професор | VI A | Наставник по одделенска настава | | 20 |
| 24. | Слаѓана Смилчевска | 1980 | Професор | VI A | Наставник по одделенска настава | | 20 |
| 25. | Слаѓана Гаврилоска | 1981 | Професор | VI A | Наставник по одделенска настава | | 16 |
| 26. | Тања Анѓелкоска | 1982 | Професор | VI A | Наставник по одделенска настава | | 13 |
| 27. | Маја Петковска | 1982 | Професор | VI A | Наставник по одделенска настава | | 13 |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 28. | Валентина Панчевска | 1981 | Професор | VI А | Наставник по одделенска настава | | 11 |
| 29. | Даница Павчевиќ | 1983 | Професор | VI А | Наставник по одделенска настава | | 16 |
| 30. | Насер Азизи | 1965 | Наставник | VI Б | Наставник по биологија-хемија | | 33 |
| 31. | Љуљзиме Јусуфи | 1986 | Професор | VI А | Наставник по англиски јазик | | 17 |
| 32. | Бесим Амети | 1986 | Магистер по менаџмент на човечки ресурси | VII А | Наставник по географија | | 15 |
| 33. | Нуран Исмаили | 1989 | Професор | VI А | Наставник по албански јазик | | 11 |
| 34. | Аријета Мехмеди | 1990 | Професор | VI А | Наставник по француски јазик | | 11 |
| 35. | Мусли Азизи | 1972 | Професор | VI А | Наставник по физичко образование | | 2 |
| 36. | Севиме Амети | 2000 | Економски техничар | IV | Наставник по информатика, математика | | 2 |
| 37. | Рабије Мифтари | 1995 | Професор | VI А | Наставник по англиски јазик | | 5 |
| 38. | Слаѓана Новеска -Трајковска | 1976 | Професор | VI А | Наставник по македонски јазик | | 19 |
| 39. | Џељаљ Исаки | 1986 | Професор | VI А | Наставник по одделенска настава | | 11 |
| 40. | Локман Мемети | 1985 | Професор | VI А | Наставник по одделенска настава | | 18 |
| 41. | Јашар Исмаили | 1984 | Професор | VI А | Наставник по одделенска настава | | 12 |
| 42. | Имране Селмани | 1989 | Професор | VI А | Наставник по одделенска настава | | 4 |

## 3.2. ПОДАТОЦИ ЗА РАКОВОДНИТЕ ЛИЦА

| Ред. Бр. | Име и презиме | Година на раѓање | Звање | Степен на образование | Работно место | Ментор/ советник | Години на стаж |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Елеонора Трајковска | 1978 | Професор | VI А | Директор на училиште | | 15 |
| 2. | Јусрен Селмани | 1980 | Професор | VI А | Помошник директор | | 14 |

## 3.3. ПОДАТОЦИ ЗА ВОСПИТУВАЧИ

| Ред. Бр. | Име и презиме | Год. на раѓање | Звање | Степен на образование | Работно место | Ментор/ советник | Години на стаж |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Катерина Петреска | 1964 | Воспитувач | VI Б | Наставник по одделенска настава | | 29 |
| 2. | Себије Мемеди | 1969 | Воспитувач | VI А | Наставник по одделенска настава | | 29 |

## 3.4. ПОДАТОЦИ ЗА ВРАБОТЕНИТЕ АДМИНИСТРАТИВНИ СЛУЖБЕНИЦИ

| Ред. Бр. | Име и презиме | Год. на раѓање | Звање | Степен на образование | Работно место | Ментор/ советник | Години на стаж |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Бојан Илкоски | 1960 | Правник | VI Б | Секретар | | 34 |

## 3.5. ПОДАТОЦИ ЗА ВРАБОТЕНИТЕ ПОМОШНО-ТЕХНИЧКИ ЛИЦА

| Ред. Бр. | Име и презиме | Год. на раѓање | Звање | Степен на образование | Работно место | Ментор/ советник | Години на стаж |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 01. | Вицко Георгијев | 1962 | Економист | VI Б | Домаќин | | 24 |
| 02. | Сашо Јаневски | 1975 | Тек. техничар | III | Хаусмајстор | | 17 |
| 03. | Сузана Боцевска | 1978 | Правен техничар | IV | Хигиеничар | | 7 |
| 04. | Сузана Стојановска | 1972 | Ос. училиште | I | Хигиеничар | | 27 |
| 05. | Јулијана Мишевска | 1972 | Тек. техничар | III | Хигиеничар | | 24 |
| 06. | Исмаилаки Адеми | 1960 | Столар | III | Ложач | | 35 |
| 07. | Неат Јусуфи | 1964 | Ос.училиште | I | Хигиеничар | | 28 |
| 08. | Неџмедин Хамиди | 1971 | Техничар за трговија | IV | Хигиеничар | | 13 |

## 3.6. ПОДАТОЦИ ЗА АНГАЖИРАНИТЕ ОБРАЗОВНИ МЕДИЈАТОРИ

| Ред. Бр. | Име и презиме на образовниот медијатор | Год. на раѓање | Звање | Степен на образование | Години на стаж | Временски период за кој е ангажиран образовниот медијатор |
|---|---|---|---|---|---|---|
| / | / | / | / | / | / | / |

## 3.7. ВКУПНО ПОДАТОЦИ ЗА НАСТАВЕН И НЕНАСТАВЕН КАДАР

| Кадар | Вкупно | Етничка и полова структура на вработените | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Македонци | | Албанци | | Турци | | Срби | | Роми | | Други | |
| | | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж |
| Број на вработени | 56 | 8 | 30 | 10 | 6 | / | / | / | 1 | / | / | / | 1 |
| Број на наставен кадар | 40 | 2 | 24 | 8 | 5 | / | / | / | 1 | / | / | / | / |
| Број на воспитувачи | 2 | / | / | / | 1 | / | / | / | / | / | / | / | 1 |
| Број на стручни соработници | 3 | / | 3 | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / |
| Административни работници | 1 | 1 | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / |
| Помошно технички кадар | 8 | 2 | 3 | 3 | / | / | / | / | / | / | / | / | / |
| Директор | 1 | / | 1 | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / |
| Помошник на директорот | 1 | / | / | 1 | / | / | / | / | / | / | / | / | / |

## 3.8. ВКУПНО ПОДАТОЦИ ЗА СТЕПЕНОТ НА ОБРАЗОВАНИЕ НА ВРАБОТЕНИТЕ

| Образование | Број на вработени |
|---|---|
| Последипломски студии - втор циклус | 3 |
| Високо образование | 40 |
| Виша стручна спрема | 5 |
| Средно образование | 6 |
| Основно образование | 2 |

## 3.9. ВКУПНИ ПОДАТОЦИ ЗА СТАРОСНАТА СТРУКТУРА НА ВРАБОТЕНИТЕ

| Години | Број на вработени |
|---|---|
| 20-30 | 3 |
| 31-40 | 13 |
| 41-50 | 23 |
| 51-60 | 14 |
| 61-пензија | 3 |

## 3.10. ПОДАТОЦИ ЗА УЧЕНИЦИТЕ ВО ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ

| Одд. | Број на паралелки | Број на ученици | Етичка и родова структура на учениците | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Македонци | | Албанци | | Турци | | Срби | | Роми | | Други | |
| | | | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж |
| **I** | 3 | 52 | 14 | 14 | 6 | 16 | | | 1 | | 1 | | | |
| **II** | 3 | 53 | 19 | 19 | 5 | 9 | | | | 1 | | | | |
| **III** | 3 | 62 | 21 | 18 | 10 | 10 | | | | 2 | | | 1 | |
| **I-III** | 9 | 167 | 54 | 51 | 21 | 35 | | | 1 | 3 | 1 | | 1 | |
| **IV** | 3 | 52 | 20 | 12 | 10 | 9 | | | | 1 | | | | |
| **V** | 3 | 55 | 14 | 16 | 11 | 11 | | | | | 1 | 1 | 1 | |
| **IV-V** | 6 | 107 | 34 | 28 | 21 | 20 | | | | 1 | 1 | 1 | 1 | |
| **VI** | 3 | 52 | 19 | 17 | 10 | 5 | | | | | 1 | | | |
| **VII** | 3 | 51 | 16 | 20 | 10 | 4 | | | | | | | | 1 |
| **VI-VII** | 6 | 103 | 35 | 37 | 20 | 9 | | | | | 1 | | | 1 |
| **VIII** | 3 | 61 | 23 | 17 | 10 | 9 | | | 1 | 1 | | | | |
| **VII-VIII** | 6 | 112 | 39 | 37 | 20 | 13 | | | 1 | 1 | | | | 1 |
| **IX** | 3 | 48 | 11 | 17 | 8 | 9 | | | 2 | 1 | | | | |
| **VIII-IX** | 6 | 109 | 34 | 34 | 18 | 18 | | | 3 | 2 | | | | |
| **VI-IX** | 12 | 212 | 69 | 71 | 38 | 27 | | | 3 | 2 | 1 | | | 1 |
| **I -IX** | 27 | 486 | 157 | 150 | 80 | 82 | | | 4 | 6 | 3 | 1 | 2 | 1 |

# 4. МАТЕРИЈАЛНО – ФИНАНСИСКО РАБОТЕЊЕ

Материјално-финансиско работење е во согласност со законите, прописите, политиките, плановите  и постапките.

ООУ „Јоаким Крчоски“ - Скопје, се финансира со средства од Буџетот на РСМ преку блок дотација од Министерството за образование на сметка 903, средства од самофинансирачки активности за тип на сметка 787, средствата од донации - тип на сметка 785 и буџетска тип на  сметка 603 - од  Буџет на општина и МОН.

Со планирање по аналитички конта се изготви финансиски план за тип на сметка 903 - за исплата на плати и придонеси за социјално осигурување, за покривање на материјални трошоци и одржување.

Годишниот буџет се креираше согласно насоките од Министерството за финансии и Општината Ѓорче Петров од причини што буџетот на училиштето е составен дел од буџетот на општината како целина. Буџетот го донесува Советот на општината по претходно разгледување и предлагање од Училишниот одбор на училиштето.

# 5. МИСИЈА И ВИЗИЈА НА УЧИЛИШТЕТО

### МИСИЈА НА УЧИЛИШТЕТО

Спроведуваме успешна инклузија и современа настава во еколошки чиста и безбедна средина. Континуирано даваме помош и поддршка и водиме грижа за потребите, интересите и добросостојбата на сите ученици без разлика на полова, етничка, верска и социјална припадност. Создаваме пријатна работна атмосфера и позитивни меѓучовечки односи, почитување и соработка меѓу сите субјекти.

### ВИЗИЈА НА УЧИЛИШТЕТО

Ќе ја унапредиме демократската клима во училиштето со активно вклучување на учениците и родителите во училишните активности. Со обезбедување стабилен интернет пристап во сите простории, набавка на нова опрема и обуки на наставниците за користење нови платформи ќе ја подобриме реализацијата на настава. Ќе се насочиме кон подобрување на просторните капацитети на училиштето со цел воведување на кабинетска настава.

### ЦЕЛ

Креирање услови за реализација на редовна настава, воннаставни активности и подобрување на демократската клима во училиштето.

### СТРАТЕГИЈА

Обезбедување услови, опрема и обуки за современа настава и реализација на активности со ученици, родители и наставници за подобрување на демократската клима во училиштето.

### МОТО

Сигурни кон демократска иднина

# 6. РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПОДРАЧЈА НА ПРОМЕНИ, ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ

| **Приоритетно подрачје на промени** | **УЧЕЊЕ И НАСТАВА** | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Стратешка цел 1: Обезбедување услови и опрема за реализација на современа настава**<br>**Развојна цел 1.1.: Набавка на ИКТ за наставници и ученици за реализација на современа настава** | | | | | |
| **Конкретна цел 1.1.1. Набавка на ИКТ за наставници и ученици и нејзино поставување во определените простории** | | | | | |
| **Реализирани активности** | **Индикатори за успех** | **Реализатор** | **Време на реализација** | **Ресурси** | **Тим за следење на реализација на активностите** |
| Анализа на потреби, обезбедување финансии за набавки на неопходната ИКТ опрема | Обезбедени доволно финасии и услови за набавки на потребната ИКТ опрема | Директор<br>Секретар<br>Домаќин | Цела учебна 2023/2024 | Информатичка опрема, компјутер, печатар, интернет | Тим определен на Наставнички совет |
| Набавки на неопходна ИКТ за ученици и наставен кадар (замена на застарена и оштетена опрема) | Набавена е 80 % од потребната ИКТ опрема соодветна на потребите на наставен кадар и учениците | Директор<br>Секретар<br>Домаќин | Цела учебна 2023/2024 | Информатичка опрема, компјутер, печатар, анкетни листови, стручна литература | Тим определен на Наставнички совет |

| **Приоритетно подрачје на промени** | **РЕСУРСИ** | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Стратешка цел 2: Зафати за подобрување на условите за престој и работа во училиштето**<br>**Развојна цел 2.1.: Подобрување на услови за престој и работа во централно училиште**<br>**Развојна цел 2.2. Подобрување на инфраструктурата во подрачното училиште** | | | | | |
| **Конкретна цел 2.1.1. Адаптација на просторија во наставничка канцеларија и нејзино опремување со канцелариски мебел** | | | | | |
| **Реализирани активности** | **Индикатори за успех** | **Реализатор** | **Време на реализација** | **Ресурси** | **Тим за следење на реализација на активностите** |
| Подготовки на просторија за наставничка канцеларија со мебел и опрема | Подобрување на условите за престој и работа на наставници во училиште | Домаќин<br>Хаус мајстор | Цела учебна 2023/2024 | План на училиштето | Директор, секретар |
| **Конкретна цел 2.1.2. Адаптација на тоалет за лица со телесна попреченост** | | | | | |
| **Реализирани активности** | **Индикатори за успех** | **Реализатор** | **Време на реализација** | **Ресурси** | **Тим за следење на реализација на активностите** |
| Изработка на нацрт и проект за работа, набавка на потребни материјали | Навреме обезбедени план, проект, нацрт и материјали за работа | Секретар<br>Општина Ѓорче Петров | Август – Септември 2023 | Проект, план за работа, фактури, испратници | Директор<br>Помошник директор |
| Адаптација на тоалетот според потребите на лица со телесна | Зголемен број на тоалетни простории во училиштето за лица | Хаусмајстор<br>Општина Ѓорче | Август – Септември | Проект и нацрт за адаптација, шема на | Директор<br>Секретар |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| попреченост | со телесна попреченост | Петров | 2023 | училиштето | |
| Редовно одржување на хигиена и исправност на тоалетот за лица со телесна попреченост | За 30% подобрени услови за престој на лица со ПОП (резултати од анкета) | Технички пресонал | Цела учебна 2023/2024 | Листи за одржување на хигиена, записи од поправки | Секретар Домаќин |
| **Развојна цел 2.2. Подобрување на инфраструктурата во подрачното училиште** | | | | | |
| Градежни зафати за проширување на подрачното училиште | Инфраструктурата на училиштето проширена со 2 училници и нови тоалети | Помошник директор Совет на родители | Јули – Август 2023 | Проект и нацрт за адаптација, шема на училиштето | Директор Секретар |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Приоритетно подрачје на промени** | **УЧИЛИШНА КЛИМА** | | | | |
| **Стратешка цел: 3.Унапредување на училишната клима и зајакнување на поддршката на учениците**<br>**Развојна цел: 3.1. Подобрување на училишна клима и зајакнување на поддршка на учениците** | | | | | |
| **Конкретна цел 3.1.1. Употреба на изработените процедури и програми за унапредување на работата на училиштето** | | | | | |
| **Реализирани активности** | **Индикатори за успех** | **Реализатор** | **Време на реализација** | **Ресурси** | **Тим за следење на реализација на активностите** |
| Разгледување на изработените процедури и програми од Училишен одбор | Усвоени процедури и програми до определениот датум | Училишен одбор | Септември - Октомври 2023 | Записници од Училишен одбор, интернет, процедури, правилници, | Директор Помошник-директор Секретар |
| Примена на изработените процедури и програми во работењето на училиштето | Подобрување на: училишна клима за 30%, чувство за безбедност на учениците за 25% и поддршка на ученици од ранливи категории за 35% (податоци од анкета) | Стручни активи | Цела учебна 2023/2024 | Записници од увиди во спроведување на усвоените правилници и процедури | Стручна служба Претседатели на стручни активи |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Приоритетно подрачје на промени** | **ПОДДРШКА НА УЧЕНИЦИТЕ** | | | | |
| **Стратешка цел: 4. Унапредување на демократските процеси во училиштето и активности на училиштето**<br>**Развојна цел 4.1.: Вклучување на учениците во демократските активностите на училиштето** | | | | | |
| **Конкретна цел 4.1.1. Вклучување на учениците во работа на Наставничкиот совет, совети на паралелки и Училишен одбор** | | | | | |
| **Реализирани активности** | **Индикатори за успех** | **Реализатор** | **Време на реализација** | **Ресурси** | **Тим за следење на реализација на активностите** |
| Анкета за интерес на учениците за вклучување во работа на Наставнички совет, совети на паралелки и Училишен одбор | Листа на заинтересирани ученици за вклучување во работа на Наставнички совет, совети на паралелки, Училишен одбор | Ученички парламент | Прво полугодие на учебна 2023/2024 | Компјутер Интернет Закон за основно образование | Директор Претседател на Училишен одбор |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Поканување на учениците за учество во седници на Наставнички совет, совети на паралелки, Училишен одбор | 95 % пријавени ученици се поканети на најмалку една седница на наставнички совет, совети на паралелки и училишен одбор | Ученички парламент | Цела учебна 2023/2024 | Компјутер<br>Интернет<br>Правилници | Директор<br>Претседател на Училишен одбор |
| Учество на учениците во седници на Наставнички совет, Совети на паралелки, Училишен одбор | Присуство на ученици на 70% седници на Наставнички совет, Совети на паралелки и Училишен одбор | Ученички парламент | Цела учебна 2023/2024 | Компјутер<br>Правилници<br>Процедури<br>Закони<br>Протоколи | Директор<br>Претседател на Училишен одбор |

## 6.1. ЕВАЛУАЦИЈА НА АКЦИСКИ ПЛАНОВИ

| Реализирана активност | Реализатор | Критериуми за успех | Инструменти | Индикатори за успех |
|---|---|---|---|---|
| Анализа на потреби, обезбедување финансии за набавки на неопходната ИКТ опрема | Директор<br>Секретар<br>Домаќин | Утврдени се потребите на наставен кадар за неопходна ИКТ. Изготвена листа на потреби за набавка на ИКТ | Анализи<br>Анкети | Анкетирани се 100% од наставниците во централно и подрачно училиште и од резултатите од анкетата е изготвена листа на потреби за набавки на ИКТ |
| Адаптација на тоалети за лица со телесна попреченост | Секретар<br>Помошник-директор | Подобрена пристапност на училиштето за лица со телесни пречки, унапредување на здравјето на лица со телесни пречки | Анализи<br>Прашалник<br>Чек листа | Изградени по тоалети за лица со телесна попреченост – по еден во централното и подрачното училиште |
| Изградба на две училници во подрачното училиште | Директор<br>Секретар | Подобрени физички услови за реализација на настава и воннаставни активности во подрачното училиште | Прашалници за ученици и наставници<br>Чек листи | За 60 % се подобрени условите за реализација на настава и воннаставни активности со учениците во подрачното училиште |
| Примена на изработените процедури и програми во работењето на училиштето | Стручни активи | Подобрување на чувството за безбедност и добросостојба на учениците во училиштето | Анкета<br>Чек листи<br>Анализа на извештаи | Повеќе од 20% ученици изјавуваат дека се чувствуваат побезбедно, а повеќе од 40% изјавуваат дека им е подобрена добросостојбата во училиште |
| Вклучување на учениците во работа на Наставнички совет, Совети на паралелки и Училишен одбор | Директор<br>Претставници од Училишен одбор | Зголемен демократски придонес на учениците во работа на училишните тела и органи. Вклучување на заинтересираните ученици во активностите на училиштето. | Анкети Прашалници<br>Чек листи<br>Статистички анализи<br>Разговори | Учество на заинтересирани ученици во 80% од реализираните седници на Наставнички совет, Совети на паралелки и Училишен одбор. |
| Адаптација на помошна просторија во просторија за индивидуални средби со ученици | Директор<br>Домаќин<br>Специјален едукатор и рехабилитатор | Подобрени физички услови за реализација на воннаставни активности со учениците (талентирани, ученици со ПОП) | Анкети | Подобрени се условите за реализација на воннаставни активности со учениците (талентирани, ученици со ПОП) |

# 7. РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМИ И ОРГАНИЗАЦИЈА НА РАБОТАТА ВО ООУ „ЈОАКИМ КРЧОСКИ“, Волково

## 7.1. ТАБЕЛАРЕН ПРЕГЛЕД НА ОДДЕЛЕНСКИ РАКОВОДИТЕЛИ

**Централно училиште**

| Листа на одделенски раководители во ООУ „Јоаким Крчоски” македонски наставен јазик | | | |
|---|---|---|---|
| **Одделение** | **Број на ученици** | **Одделенски раководител** | **Замена во отсуство на одделенскиот раководител** |
| I1 | 15 | Катерина Петреска | Јованка Костовска |
| I2 | 15 | Јованка Костовска | Катерина Петреска |
| II1 | 21 | Сања Андевска | Валентина Ивановска |
| II2 | 18 | Валентина Ивановска | Сања Андевска |
| III1 | 21 | Слаѓана Гаврилоска | Маја Тодоровска |
| III2 | 21 | Маја Тодоровска | Слаѓана Гаврилоска |
| IV1 | 17 | Валентина Панчевска | Слаѓана Смилчевска |
| IV 2 | 16 | Слаѓана Смилчевска | Валентина Панчевска |
| V1 | 16 | Маја Петковска | Тања Ангелкоска |
| V2 | 17 | Тања Ангелкоска | Маја Петковска |
| VI1 | 17 | Слаѓана Новеска-Трајковска | Борјанка Стојчевска |
| VI2 | 20 | Борјанка Стојчевска | Слаѓана Новеска-Трајковска |
| VII1 | 19 | Славица Тренкоска | Кире Николоски |
| VII2 | 18 | Кире Николоски | Славица Тренкоска |
| VIII1 | 20 | Катица Георгиева | Даниела Кимовска |
| VIII2 | 22 | Даниела Кимовска | Катица Георгиева |
| IX1 | 15 | Силвана Миленковиќ | Јасмина Стојановска |
| IX2 | 16 | Јасмина Стојановска | Силвана Миленковиќ |
| Продолжен престој | | Даница Павчевиќ | Марија Петреска |

**Подрачно училиште**

| Листа на одделенски раководители во ООУ „Јоаким Крчоски” албански наставен јазик | | | |
|---|---|---|---|
| **Одделение** | **Број на ученици** | **Одделенски раководител** | **Замена во отсуство на одделенскиот раководител** |
| I | 22 | Себије Мемеди | Имране Селмани |
| II | 14 | Имране Селмани | Себије Мемеди |
| III | 20 | Локман Мемеди | Јашар Исмаили |
| IV | 19 | Јашар Исмаили | Џељаљ Исаки |

| | | | |
|---|---|---|---|
| V | 22 | Џељаљ Исаки | Локман Мемеди |
| VI | 15 | Нуран Исмаили | Бесим Амети |
| VII | 14 | Бесим Амети | Насер Азизи |
| VIII | 19 | Насер Азизи | Љуљзиме Јусуфи |
| IX | 17 | Љуљзиме Јусуфи | Нуран Исмаили |

## 7.2. РАБОТА ВО СМЕНИ

Во учебната 2023/2024 во централното и подрачното училиште, наставата беше реализирана во две смени, кои се менуваа на секои две недели. Прва смена почнуваше во 7.30 часот и завршуваше во 12.40. Втората смена почнуваше во 13.00 часот и завршуваше во 18.10 часот.

## 7.3. ЈАЗИК НА КОЈ СЕ ИЗВЕДУВА НАСТАВАТА

Наставата во централното училиште се изведуваше на македонски наставен јазик, а во подрачното училиште наставата се изведуваше на албански наставен јазик.

| | **Македонски јазик** | **Албански јазик** |
|---|---|---|
| **Број на паралелки** | 18 | 9 |
| **Број на ученици** | 324 | 162 |
| **Број на наставници** | 28 | 14 |

## 7.4. ПРОШИРЕНА ПРОГРАМА

Во учебната 2023/2024 година во училиштето се реализираше проширена програма која опфаќа организирано прифаќање и заштита на учениците еден час пред започнување на часовите од редовна настава и еден час по завршување на редовна настава, додатна и дополнителна настава, секции, воннаставни активности и вонучилишни активности.

Во училиштето се згрижуваат ученици од I до III одделение. Прва смена почнуваше со работа од 7.30 часот до 13.30 часот, а втора смена од 12.00 часот до 17.00 часот. Учениците започнуваа со утрински вежби и појадок, а потоа следуваат едукативни активности. Втората смена започнуваше со ручек, решавање на домашните задачи, помош и поддршка за учениците кои имаат потешкотии во постигнувањето на поставените цели. Со учениците се реализираа повеќе задачи: пишување домашна работа, решавање задачи, анализа на реченици, раскажување и продолжување на даден текст, граматички вежби, пишување слободен состав, меморирање на стихотворби и рецитирање, гласно и изразно читање, опишување, драматизирање.

Слободните активности се реализираа во училница, спортска сала, игри во училишниот двор и блиската околина. Родителите редовно се информираа за сите планирани и реализирани активности во училиштето, постигањата и поведението на учениците.

Училиштето континуирано работеше на подобрување на условите за работа, опремување на целата просторија за адекватен и удобен престој на учениците, поголема грижа за здравјето на учениците преку разговори, предавања, работилници, игри за лична хигиена, хигиената во училиштето и училницата. Одговорен наставник за реализација на настава во продолжен престој е Даница Павчевиќ. Наставата во продолжен престој се реализира во согласност со МОН, БРО и Центарот за јавно здравје.

## 7.5. КОМБИНИРАНИ ПАРАЛЕЛКИ

Во ООУ „Јоаким Крчоски“ нема комбинирани паралелки.

## 7.6. СТРАНСКИ ЈАЗИЦИ ШТО СЕ ИЗУЧУВААТ ВО ООУ „ЈОАКИМ КРЧОСКИ“, ВОЛКОВО

Сите ученици од I до IX одделение во централното и подрачното училиште го изучуваат англискиот јазик како прв странски јазик, односно 324 ученици во централното и 162 ученици во подрачното училиште. Учениците од VI до IX одделение го учат францускиот јазик како втор странски јазик и тоа 146 ученици во централното и 65 во подрачното училиште. Еден ученик од централното училиште по доаѓање во нашето училиште продолжи со учење на германски јазик, како втор странски јазик.

## 7.7. РЕАЛИЗАЦИЈА НА ФИЗИЧКО И ЗДРАВСТВЕНО ОБРАЗОВАНИЕ СО УЧЕНИЦИТЕ ОД ПРВО ДО ПЕТТО ОДДЕЛЕНИЕ

Во учебната 2023/2024 година, наставата по физичко и здравствено образование од прво до петто одделениние ја реализираа тандем наставници (наставник по физичко и здравствено образование Игор Анѓелески, Татјана Велјановски и раководителите на паралелките). Наставници во прво одделение се: Катерина Петреска и Јованка Костовска, во второ одделение се Сања Андевска и Валентина Ивановска, во трето одделение се Маја Тодоровска и Слаѓана Гаврилоска, во четврто одделение се Слаѓана Смилчевска и Валентина Панчевска и во петто се Маја Петковска и Тања Анѓелкоска.

Во подрачното училиште наставници по физичко и здравствено образование се Мусли Азизи и Татјана Вељановски, а раководители на паралелките се: во прво одделение Себије Мемеди, второ одделение Имране Селмани, трето одделение Локман Мемеди, четврто одделение Јашар Исмаили и петто одделение Џељаљ Исаки.

## 7.8. ИЗБОРНА НАСТАВА

Во учебната 2023 - 2024 година, според претходно спроведена анкета со родителите и учениците, се изучуваа следните изборни предмети:

| Изборни предмети кои се изучуваат во централното училиште | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Р.б.** | **Одделение** | **Изборен предмет** | **Име и презиме на наставник** | **Број на часови** |
| 1. | IV | Заштита на животна средина<br>Образование за животни вештини | Слаѓана Смилчевска, Валентина Панчевска, Татјана Вељановски | 2, 2, 2 |
| 2. | V | Справување со природни катастрофи | Кире Николоски, Јасмина Стојановска | 2, 2 |
| 3. | VI | Градење на интерперсонални односи | Јасмина Стојановска, Кире Николоски | 2, 2 |
| 4. | VII | Унапредување на здравјето | Славица Тренкоска | 2 |
| 5. | VIII | Вештини на живеење | Маријана Дејкоска | 2 |
| 6. | IX | Танци и народни ора | Катица Георгиева | 2 |
| **Изборни предмети кои се изучуваат во подрачното училиште** | | | | |
| 1. | IV | Оригами<br>Цртање, сликање и скулптура | Рабије Мифтари | 1<br>1 |
| 2. | V | Заштита на животната средина<br>Образование за животни вештини | Рабије Мифтари | 1<br>1 |
| 3. | VI | Етика на религиите<br>Справување со природни катастрофи | Рабије Мифтари | 1<br>1 |
| 4. | VII | Истражување на родниот крај | Нуран Исмаили | 2 |
| 5. | VIII | Унапредување на здравјето | Насер Азизи | 2 |
| 6. | IX | Вештини на живеење | Рабије Мифтари | 2 |

## 7.9. ДОПОЛНИТЕЛНА НАСТАВА

За учениците кои имаа потреба од дополнителна поддршка по определен наставен предмет во учебната 2023/2024 година се организираше дополнителна настава. Учениците посетуваа дополнителна настава по проценка на наставникот и во согласност и договор со родителот/старателот и имаше за цел да го олесни процесот на совладување на одредени наставните содржини. За реализација на дополнителната настава предметниот наставник водеше евиденција и го известуваше родителот три дена пред нејзиното одржување.

Дополнителната настава се организираше за учениците од прво до деветто одделение, кои во текот на редовната настава не ги постигнаа очекуваните резултати (ученици со помали предзнаења за наставниот предмет или одредена тема од наставниот предмет, ученици кои покажаа слаби резултати од учењето, ученици кои подолго време отсуствуваа од настава и ученици со потешкотии во учењето).

Ученикот од прво до петто одделение можеше да следи најмногу по еден час неделно за најмногу два различни наставни предмети одделно. Ученикот од шесто до деветто одделение можеше да следи најмногу по еден час неделно за најмногу три различни предмети одделно. Наставникот реализираше дополнителна настава придржувајќи се на наставната

програма за конкретен наставен предмет, а согласно со потребите на ученикот. Наставникот континуирано го следеше напредокот на ученикот.

## 7.10. ДОДАТНА НАСТАВА

За учениците кои постигнуваа значителни резултати по одделени наставни предмети и покажуваа посебен интерес за одделни теми/предмети се организираше додатна настава. Додатната настава имаше за цел проширување, систематизирање и збогатување на знаењата од одредена тема/област/предмет, поттикнување на интереси и способности на учениците. Додатната настава ја следеа ученици од прво до деветто одделение. Додатната настава ја реализираше одделенскиот наставник, односно наставникот по конкретен наставен предмет за кој покажал интерес ученикот и редовно го следеше неговиот напредок. Наставникот имаше интерактивен пристап и користеше активни методи на учење.

## 7.11. РАБОТА СО НАДАРЕНИ И ТАЛЕНТИРАНИ УЧЕНИЦИ

Во учебната 2023/2024 се реализираа индивидуализирани програми за талентирани и надарени ученици и училишна програма за работа со надарени и талентирани. Индивидуалните програми ги изготвуваа наставниците. Тие опфаќаат активности и задачи по предмет во кои ученикот има развиено талент, односно развиени една или повеќе способности со кои ги надминува способностите на своите врсници. Подготовките за натпревари и конкурси, збогатување на знаењата на учениците се дел од овие програми.

## 7.12. РАБОТА СО УЧЕНИЦИ СО ПОСЕБНИ ОБРАЗОВНИ ПОТРЕБИ

Ученици со посебни потреби се ученици со попреченост, ученици со нарушување во однесувањето, со емоционални проблеми или со специфични тешкотии во учењето и ученици кои потекнуваат од неповолни економски, културни или јазични средини. Наставните содржини од наставната програма се адаптираа според способностите, можностите и потребите на овие ученици. Индивидуализирани програми за секој ученик со ПОП беа изработени од Индивидуален тим за ученик во кој беа вклучени раководителот на паралелка, предметни наставници кои предаваат на ученикот, стручната служба и родителите на ученикот. За успешна инклузија во училиштето за тројца ученици со ПОП ангажирани се три образовни асистенти и еден личен асистент. Наставниците континуирано ги усовршуваа своите професионални компетенции за инклузија, изработка на ИОП или модифицирана програма и прилагодување на наставата според потребите и способностите на ученикот.

Секој ученик е важен и ценет во инклузивниот тим. Инклузивното образование е најважен дел од училишниот развој. Целта е вклучување на учениците со ПОП во редовна настава, индивидуализирана поддршка на учениците со ПОП од страна на учениците, наставниците и стручната служба, зголемена активност и вклученост на родителите на деца со посебни образовни потреби во училиштето.

| Членови на инклузивен тим | |
|---|---|
| **Координатор** | Марија Петреска |
| **Заменик координатор** | Јасмина Стојановска |
| **Членови** | Ана Настова – родител<br>Дијана Николовска Стоилковска |
| **Стручни соработници** | Директор - Елеонора Трајковска<br>Психолог - Гордана Несторовска<br>Специјален едукатор и рехабилитатор - Симона Лекоска |

## 7.12.1. ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТА СО УЧЕНИЦИ ОД РАНЛИВА КАТЕГОРИЈА

Работилниците со учениците и нивните семејства од ранливи категории ги реализираа стручна служба и одделенските раководители.

## 7.12.2. ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТА СО УЧЕНИЦИ СО ЕМОЦИОНАЛНИ ПОТЕШКОТИИ

Стручната служба, раководителите на паралелките и сите вработени континуирано даваа помош и поддршка на учениците со емоционални потешкотии.

## 7.12.3. ИЗВЕШТАЈ ЗА ГРИЖА НА УЧЕНИЦИТЕ ОД СОЦИЈАЛНО ЗАГРОЗЕНИ СЕМЕЈСТВА

Во училиштето беа идентификувани ученици од социјално загрозени семејства. За нив се водеше грижа од аспект на емоционална заштита на личноста на ученикот и обезбедување на материјална и финансиска помош.

Стручната служба реализираше работилници за разрешување стереотопи, предрасуди, заедништво и прифаќање за емоционална заштита на учениците (индивидуално или во рамките на заедницата на учениците).

## 7.12.4. ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРЕВЕНЦИЈА ОД НАСИЛСТВО, ЗЛОУПОТРЕБА И ЗАПУШТАЊЕ, СПРЕЧУВАЊЕ ДИСКРИМИНАЦИЈА

Во училиштето беа реализирани работилници за:

- стекнување свесност за негативните емоции кои водат кон насилно однесување
- ефективно комуницирање со цел спречување на насилното однесување
- правовремено реагирање на насилно однесување и соодветен третман

## 7.13. ТУТОРСКА ПОДДРШКА НА УЧЕНИЦИТЕ

Во учебната 2023/2024 година не е реализирана соработка и не постои заинтересираност кај факултетите или студентите за реализација на туторска поддршка на учениците.

### 7.14. ПЛАН НА ОБРАЗОВНИОТ МЕДИЈАТОР

Образовен медијатор се ангажира за ученици кои потекнуваат од социјално деприминирани средини и за ученици кои се надвор од воспитно-образовниот систем. Потребата за ангажирање на образовен медијатор се врши на барање на училиштето во кое е запишан или треба да се запише ученикот, кое се доставува до МОН.

## 8. ВОННАСТАВНИ АКТИВНОСТИ

Во рамките на воспитно-образовниот процес во учебната 2023/2024 година се реализираа разновидни воннаставни активности во согласност со интересите и развојот на учениците. Во училиштето се реализираа повеќе видови воннаставни активности: акции, излети, еднократни работилници, еколошки клубови, спортски клубови, училишен хор и оркестар.

Во училиштето се реализираа повеќе видови активности  и тоа:

- Училишен спортски клуб (8.1)
- Секции / Клубови (8.2)
- Акции (8.3)

Учениците доброволно и по сопствен избор земаа учество во секоја од вонннаставните активности, а за тоа се води евиденција во дневникот на паралелката.

### 8.1 УЧИЛИШЕН СПОРТСКИ КЛУБ

Училишниот спортски клуб, основан на 16.02.2015 година, функционира под раководство на наставниците по физичко и здравствено образование Силвана Миленковиќ и Игор Анѓелески. Постоењето на училишниот спортски клуб е од особена важност за развој на спортот и спортско - рекреативните активности во училиштето.

Нашиот училишен спортски клуб учествуваше со неколку видови спортови: кошарка, ракомет, одбојка и футсал. Во клубот членуваа ученици по сопствен избор од I до IX одделение. Се настапуваше и соработуваше со други училишни клубови на разни турнири, настапи и општински натпревари. Финансирањето за училишниот спортски клуб се врши преку донации, како и со финансиска помош од страна на Федерацијата за спорт на Р. С. Македонија (ФУСМАК).

### 8.2 СЕКЦИИ / КЛУБОВИ

Секциите се реализираа еднаш до двапати неделно во учебната 2023/24 година. Секциите ги водеа наставници кои се одговорни за нивната реализација, а по потреба во работата на секцијата се вклучуваа и други наставници, родители или волонтери од заедницата. Со работата на секциите/клубовите се направи проширување и продлабочување на содржините од наставните предмети/области кои ги водеа наставниците од соодветните предмети/области.

### 8.3 АКЦИИ

Преку учеството во акциите од еколошки или хуманитарен карактер, учениците учествуваа во доброволна и општествено корисна работа. Притоа ги развиваа своите лични и социјални компетенции.

## 9. УЧЕНИЧКО ОРГАНИЗИРАЊЕ И УЧЕСТВО

Во учебната 2023/2024 година, учениците во нашето училиште беа вклучени на различни начини и нивоа на одлучување за прашања и теми кои ги засегаа во училиштето. Тие партиципираа во скоро сите домени од училишното живеење, поврзани со наставата, воннаставните активности, односите меѓу учениците, односите со возрасните, физичките услови во училиштето и слично. За организирано остварување на интересите на учениците во основното образование, учениците се организираа во заедница на паралелка и ученички парламент.

### 9.1 ЗАЕДНИЦА НА ПАРАЛЕЛКА

Заедницата на паралелката ја сочинуваат сите ученици од паралелката со задача да одлучуваат за прашања поврзани со успехот, учењето, престојот во училиште, меѓусебните односи, како и односите со возрасните во училиштето. Изборот на тела во заедницата на паралелката беше спроведен во третата седмица од септември 2023 година. Секоја заедница избра претседател, заменик – претседател, постојани тела и повремени тела.

Секој ученик, освен претседателот и заменик - претседателот на заедницата, доброволно се определи во кое тело сака да биде член. Улогата на постојаните тела во заедницата на паралелката беше да учествуваат во планирањето и организирањето на разни прослави и манифестации, екскурзии, собирање прилози и други хуманитарни активности, еколошки активности, спорт и друго кои се реализираа во текот на целата учебна година. Повремените тела во заедницата на паралелката се формираа по потреба за различни прашања, како на пример помагање на ученик во учење, разрешување на актуелен проблем и слично. На првиот состанок тие изготвија план за работа кој се однесуваше на периодот од една учебна година. Претседателот свикуваше по еден состанок во месецот на кој се разгледуваа тековните потреби и проблеми на учениците од одделението, се разговараше за текот на спроведувањето на активностите од планот за работа и се договараа идни активности во согласност со потребите на учениците.

### 9.2 УЧЕНИЧКИ ПАРЛАМЕНТ

Ученичкиот парламент, составен од претставници од сите паралелки од предметна настава и одговорните раководители, активно работеа во учебната 2023/2024 година. На првата седница на Ученичкиот парламент присуствуваа претставници од сите паралелки од VI до IX одделение, како и училишниот психолог кој ги објасни постапките за објавување оглас за избор на Претседател на Ученичкиот парламент и постапката за аплицирање. За претседател на Ученички

парламент беше избрана ученичката Ангела Цветковска, а за заменик ученичката Лина Димова. Ученичката Михаела Робева беше избрана за секретар и записничар. За претставници во Училишен Одбор од Ученички парламент, избрани беа Ангела Цветковска и Борјана Тодоровска.

На состаноците на ученичкиот парламент се разгледуваа прашања и проблеми од секојдневието на учениците, проблеми во наставата, потешкотии во совладување на материјалот, подобрување на успехот, редовноста и поведението на учениците. Ученичкиот парламент се вклучи во подготовка на квизови, натпревари, работилници и активности за организирано користење на слободното време. Членови од ученичкиот парламент беа вклучени во сите фази од изработка на Самоевалуација на работата на училиштето според нови индикатори на квалитетот на работата.

Претставниците на Ученичкиот парламент соработуваа со одделенските раководители, директорот на училиштето, психологот, специјалниот едукатор и рехабилитатор, како и со родителите.

Ученичкиот парламент организираше хуманитарни акции за помош на социјално загрозени ученици.

### 9. 3 УЧЕНИЧКИ ПРАВОБРАНИТЕЛ

На почетокот на учебната 2023/2024 година беше организиран избор за Ученик правобранител и ученик - заменик правобранител. По претставување на сите кандидати и нивните идеи за работа, а по пат на тајно гласање од страна на мнозинството од учениците од VII до IX одделение, за Ученик правобранител беше избрана Борјана Тодоровска од IX[1] одделение.

Ученичкиот правобранител учествуваше во состаноците на Ученичкиот парламент и даваше извештаи за реализираните активности. Функцијата и улогата на ученичкиот правобранител и неговите заменици е промовирање на детските права и нивна заштита. Ученичкиот правобранител соработуваше со стручната служба во училиштето, препознаваше кршење на детските права и истото го пријавуваше до директорот на училиштето.

## 10. ВОНУЧИЛИШНИ АКТИВНОСТИ

ООУ „Јоаким Крчоски“, Волково, Општина Ѓорче Петров во учебната 2023/2024 година ги реализираше следните излети и екскурзии со учениците од централното и учениците од подрачното училиште и тоа:

- Еднодневен излет на учениците од I до III одделение од централното училиште, на 20.10.2023 година, до Манастирот Св.Никита - Скопска Црна Гора
- Еднодневен излет на учениците од IV до IX одделение од централното училиште, на 20.10.2023 година, до Лешочки манастир, локалитет Лешок,Тетово
- Еднодневен излет на учениците од I до IX одделение од подрачното училиште на 10.10.2023 на местото „Шамак“, во близина на с. Никиштани

- Дводневна екскурзија за учениците од VI одделение од централното училиште изведена на 08.11 и 09.11.2023 година
- Тридневна екскурзија за учениците од IX одделение од централното училиште изведена на 08.11, 09.11 и 10.11.2023 година
- Еднодневен излет на учениците од IV до IX одделение од централното училиште, на 23.5.2024 година до спортско-рекреативниот центар Сарај
- Еднодневен излет на учениците од I до IX одделение од подрачното училиште на 27.05.2024 година до спортско-рекреативниот центар Сарај
- Настава во природа за учениците од V одделение од централното училиште реализирана во период од 27.05.2024 година до 31.05.2024 година.
- Екскурзија за учениците од III одделение од централното училиште на 30.05.2024 година во Пробиштип во манастирот Св „Гаврил Лесновски“

# 11. НАТПРЕВАРИ НА УЧЕНИЦИТЕ

Во учебната 2023/2024 година се организираа натпревари за вреднување на знаења, умеења, вештини и способности на учениците по одделен наставен предмет. Содржината на натпреварите беше соодветна на возраста на учениците и се темелеше на наставниот план и наставната програма за основно образование.
Цели на натпреварите:

- Вреднување на нивоата на стекнатите знаења, умеења и вештини на учениците;
- Рангирање според постигањата на учениците;
- Откривање на ученицте кои се надарени или талентирани за одредена област;
- Збогатување на наставниот процес со проширени содржини за учениците кои покажуваат интерес по одделни наставни предмети;
- Подобрување на квалитетот на образованието;
- Поттикнување на натпреварувачки дух, тимска работа и развивање толеранција кај учениците.

Ученичките натпревари беа организирани според Протоколот за ученички натпревари.

# 12. УНАПРЕДУВАЊЕ НА МУЛТИКУЛТУРАЛИЗАМ И МЕЃУЕТНИЧКА ИНТЕГРАЦИЈА

Нашето училиште континуирано работеше на зближување на учениците, почитување на различностите и промоција на мултикултурализмот. Во учебната 2023/2024 година продолжи соработката помеѓу централното и подрачното училиште (во кое се изведува настава на албански наставен јазик). Беа реализирани активности во кои учествуваа ученици од мешан

етнички состав. Исто така во рамки на одделенските часови беа реализирани активности со содржини од меѓуетничка интеграција.

# 13. ПРОЕКТИ ШТО СЕ РЕАЛИЗИРААТ ВО УЧИЛИШТЕТО

Во учебната 2023/2024 година во ООУ„Јоаким Крчоски“ се реализираа следниве проекти:

**„Антикорупциска едукација за учениците од основните училишта“,**

**„Контроверзни прашања во наставата“**

**„Соработка за зелена иднина“ – Еразмус+**

**„Филозофија на деца за поширока инклузија“ – Еразмус +**

**„Проект за развој и унапредување на мултикултурализмот/интеркултурализмот и мултиетничка интеграција”**

Проектот **„Антикорупциска едукација за учениците од основните училишта“** имаше за цел да воспостави вредносен систем, преку кој ќе се измени сегашниот начин на прифаќање на корупцијата и ќе ги промовира придобивките од доброто владеење и однесување. Цели на проектот беа: запознавање со поимите корупција, антикорупција, интегритет и етичност, толкување на изразот „одолевање на социјален притисок“, препознавање на видовите корупција како и откривање на начините за спречување и заштита од овој вид негативна појава. Реализатори на програмата беа Љупка Христова – наставник по граѓанско образование која ги реализираше работилниците со учениците од IX одделение и Гордана Несторовска – училишен психолог која ги спроведе тестирањата на учениците од IX одделение.

Проектот **„Контроверзни прашања во училишната програма“** имаше за цел развивање ефективни практики и пристапи во наставата. Наставниците правилно ги насочуваа и ги поттикнуваа учениците слободно да ги изнесуваат своите ставови и размислувања, но и да ги почитуваат и мислењата на другите, да умеат да сослушаат и да бидат толерантни. Учениците слободно поставуваа прашања, дебатираа, даваа свои предлози и решенија за „проблематичните“ теми со кои се соочуваа.

Проектот **„Соработка за зелена иднина“ Erasmus 2022-1-IT02-KA21-SCH-000080829 „Collaboration for green future**“ – имаше за цел поттикнување на еколошката свест, унапредување на еколошките навики за зачувување на планетата Земја од загадување, унапредување на информатичките и јазичните вештини на наставниот кадар и учениците. Со реализација на овој проект се унапредија сфаќањата на учениците, наставниците и локалното население во поглед на: правилно селектирање на отпадот, намалување на јаглеродниот отпечаток и заштита на воздухот и водата од загадување. Активностите од проектот беа реализирани во текот на редовните часови и воннаставните активности од страна на стручната служба, наставници и ученици во централното училиште.

Проектот **„Stand up 4 Children Rights/ Децата на 1-во место!“** – имаше за цел да го поддржи и промовира почитувањето на правата на детето како предуслов за демократски училишни заедници кои градат и негуваат активни и

одговорни граѓани. Активностите од проектот беа реализирани во текот на редовните часови и вонnаставните активности од страна на стручната служба, наставници и ученици во подрачното училиште.

Проектот **„Филозофија на деца за поширока социјална инклузија“ – SOPHIE** се реализираше преку Национална агенција за европски образовни програми и мобилност во соработка со Филозофско друштво на Македонија. Проектот се реализираше цело второ полугодие со учениците од IV[1] одделение со динамика од еден час неделно. Цели на проектот: да обезбеди практични и иновативни упатства за успешно остварување на главните цели и задачи на часовите по Филозофија со деца. Фокусот е насочен кон зајакнувањето на индивидуалните капацитети на учениците, како што се: негување на чувството зачуденост, имагинација, љубопитност; унапредување на нивото на самосвест и самодоверба; унапредување на отпорноста кон екстремизмот; подобрување на однесувањето и личната благосостојба, унапредување на социјални вештини, како што се негувањето на меѓусебно почитување и разбирање, соработка, емпатија, општествена одговорност, солидарност и праведност; негување на општите вредности на рамноправност, слобода, толеранција, мир и недискриминација.

Проект за **„Развој и унапредување на мултикултурализмот/интеркултурализмот и мултиетничка интеграција“.** Цели на проектот беа креирање на позитивни вредности за почитување на мултиетничко и мултикултурно општество, градење на општествено одговорни ученици, преку мултиетничко општество и здрава животна средина со МИО активности.

# 14. ПОДДРШКА НА УЧЕНИЦИТЕ

На крајот од учебната 2023/2024 година учениците од I до III одделение беа оценети описно, а учениците од IV до IX одделение се оценети нумерички. Училиштето ги анализираше постигањата на учениците според наставен јазик, пол и етничка припадност и оваа детална анализа е дел од училишната документација.

Стручната служба континуирано ги следеше и анализираше податоците за постигањата на сите ученици преку квалитативна и квантитативна анализа, статистичка обработка на податоците и изготви извештаи со препораки за подобрување на постигањата и помош на учениците кои послабо напредуваа. При следење на напредокот и постигањата на учениците особено внимание се посветуваше на учениците со посебни образовни потреби, учениците кои имаа здравствени проблеми, надарените и учениците со потешкотии во учењето.

Училишниот Инклузивен Тим (УИТ) реализираше работни средби со претставници на Индивидуалните тимови за ученици со посебни потреби (ИТУ) на кои беа направени анализи на напредокот на учениците со ПОП и постигнување на целите од изготвениот ИОП. За учениците со ПОП кои не ги постигнаа целите планирани со индивидуалниот образовен план или напредуваа побрзо од планираното се правеше ревизија на ИОП и целите беа прилагодени според потребите и можностите на ученикот.

Училишниот психолог согласно Правилникот за советување родители, здравствените протоколи и утврдените потреби реализираше советувања за родители на учениците со намален училишен успех, несоодветно однесување и разговори со родители на учениците кои нередовно ја следеа наставата или имаа неоправдани изостаноци.

Специјалниот едукатор и рехабилитатор реализираше индивидуални вежби и поддршка на учениците за постигнување на целите за секој ученик планирани со индивидуалниот ИОП и за прилагодување на наставата според потребите на учениците. Специјалниот едукатор и рехабилитатор беше во постојана комуникација со тројцата образовни асистенти на учениците со посебни образовни потреби и заедно со наставниците кои им предаваа на овие ученици се ангажираше за обезбедување материјали и услови за нивен напредок.

### 14.1. ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОФЕСИОНАЛНА ОРИЕНТАЦИЈА НА УЧЕНИЦИТЕ

Во учебната 2023/2024 година се реализираа активности од програмата за професионална ориентација на учениците. Активностите за професионална ориентација ги реализираа одделенските раководители на учениците од осмо и деветто одделение, наставниците по Граѓанско образование и стручната служба.

Целта на сите активности беше навремено и правилно професионално информирање и ориентирање на учениците и нивно насочување кон иден кариерен развој. Учениците беа запознати со можностите кои ги нудат средните училишта, со структурите и занимањата, информирање за условите и критериумите за упис во средно училиште, откривање на интереси и желби на учениците за продолжување на образованието, давање помош за правилен избор на струка и занимање. Училишниот Тим за професионална ориентација им помагаше на учениците во водење и прибирање на материјали за ученичкото портфолио.

## 15. ОЦЕНУВАЊЕ

### 15.1.ТИМ ЗА СЛЕДЕЊЕ, АНАЛИЗА И ПОДДРШКА

Во учебната 2023/2024 година учениците се оценуваа описно и нумерички според стандардите за оценување дадени од БРО и МОН.

Тимот за следење, анализа и поддршка за оценување е во состав: Елеонора Трајковска – директор, Гордана Несторовска – психолог, Гордана Костовска и Бесим Амети - претседатели на стручен актив на природна група предмети, Маријана Дејкоска и Љуљзиме Бауш Јусуфи – претседатели на стручен актив на општествена група предмети, Јованка Костовска и Имране Селмани – претседатели на стручен актив одделенска настава.

Преку интерно проверување, наставниците од одделенска и предметна настава ги оценуваа постигнувањата на учениците. Секој наставник согласно своите годишни планирања вршеше проверка на постигнувањата на ученикот. Постигнатиот успех се соопштуваше на родителска средба која се одржуваше три дена по одржување на Наставничкиот совет на кој се утврдуваа оценките на учениците.

Работните должности на наставникот опфаќаа настава и други видови на организирана настава со учениците, (подготовка за настава, прегледување и оценување на писмени задачи и други изработки потребни за остварување на воспитно-образовниот процес).

Во учебната 2023/2024 година наставниците континуирано професионално се усовршуваа преку следење програми за обука и професионален развој.

## 15.2 ИЗВЕШТАЈ ЗА СТРУЧНИ ПОСЕТИ ЗА СЛЕДЕЊЕ И ВРЕДНУВАЊЕ НА КВАЛИТЕТОТ НА РАБОТАТА НА ВОСПИТНО ОБРАЗОВНИОТ КАДАР

Директорот, помошник - директор и стручната служба реализираа посети на наставните часови во паралелките од I до IX одделение, четири пати во текот на учебната 2023/2024 година. Директорот и стручните соработници имаат изготвено инструменти кои се применуваат при посетата на наставните часови. За тоа се изготвени извештаи со препораки за подобрување на квалитетот на наставата. Исто така, во учебната 2023/2024 година се следеше и работата на воннаставните активности како и работата на клубовите и секциите.

## 15.3 САМОЕВАЛУАЦИЈА НА УЧИЛИШТЕТО

Претходната самоевалуација е со важност до крај на учебна 2023/2024 година. Училиштето формираше тим за спроведување на самоевалуација и во тек е изработка на нова самоевалуација.

Самоевалуацијата се спроведуваше во три фази:

- подготвителна фаза
- фаза на реализација
- фаза на известување и усвојување

За таа цел се користеше целокупната евиденција и документација на училиштето, податоци од професионалните досиеја на наставниците, резултатите од спроведените анкетни прашалници за родителите, учениците и наставниците, согласно индикаторите за секое подрачје, Рамката за самоевалуација, Развојно планирање и Годишна програма.

Во тек е фаза на известување и усвојување на новата самоевалуација.

# 16. БЕЗБЕДНОСТ ВО УЧИЛИШТЕТО

Училиштето сериозно пристапува кон задачата за создавање безбедна средина за престој и работа на сите ученици, вработени и посетители. Со цел подобрување на личната и колективната безбедност беа преземени активности: заштита од пожари, обуки за прва помош, заштита при елементарни непогоди. Во соработка со Општина Ѓорче Петров, училиштето има служба за обезбедување на имот која функционира во ноќните часови, викенди и празници. Полициска станица Ѓорче Петров обезбедува екипа која се грижи за безбедност на приод и престој на учениците во училиште.

# 17. ГРИЖА ЗА ЗДРАВЈЕТО НА УЧЕНИЦИТЕ

Целокупната грижа за здравјето на учениците се реализираше од страна на сите вработени во училиштето, наставници, стручна служба, одделенски раководители, ученици, родители во соработка со Поликлиника Ѓорче Петров – оддел за училишна возраст, Заводот за здравствена заштита и пошироката заедница. Во нашето училиште се вршеа едукативни предавања кои ги организираше училиштето заедно со наставниците и стручната служба, се со цел да се подобри здравјето на учениците. Во електронскиот дневник редовно се водеше евиденција за реализацијата на наставата и отсуствата на учениците.

## 17.1 ХИГИЕНА ВО УЧИЛИШТЕТО

Во учебната 2023/2024 година беше опфатена целокупната грижа за хигиената во училиштето (училниците, ходниците и тоалетите). Сите вработени во училиштето, наставниците, стручната служба, одделенските раководители и учениците се грижеа хигиената да биде на високо ниво. Континуирано се вршеше дезинфекција на училишните простории, зголемена претпазливост и одржување на лична и колективна хигиена на високо ниво.

## 17.2 СИСТЕМАТСКИ ПРЕГЛЕДИ

Во нашето училиште се вршеа едукативни предавања спроведени од наставниците и стручните соработници, со цел да се подобри здравјето на учениците.

Училиштето соработуваше со Поликлиника Ѓорче Петров како надлежна установа за спроведување здравствена заштита и вршење систематски прегледи. Систематските прегледи за учениците се реализираа во придружба на родител и одговорниот наставник. Училиштето реализираше советување на ученици и родители за зачувување на физичкото и оралното здравје.

### 17.3 ВАКЦИНИРАЊЕ

Согласно календарот за имунизација даден од Министерство за здравство, организирано се вршеше имунизација на учениците од централното и подрачното училиште.

Во соработка со Поликлиника Ѓорче Петров како надлежна установа за спроведување здравствена заштита и вакцинации на учениците како и советување ученици и родители за зачувување на физичкото здравје, училиштето водеше грижа истите да се реализираат во термини кога учениците не се на настава.

### 17.4 ЕДУКАЦИЈА ЗА ЗДРАВА ИСХРАНА - ОБРОК ВО УЧИЛИШТЕТО

Училиштето организираше исхрана на учениците од I до IX одделение со ладен оброк – ужинка и топол оброк за учениците од продолжен престој, според правилникот за стандарди за исхрана и за оброци во основните училишта.

Во рамки на активностите за едукација на учениците за здрава исхрана, на 16 – ти Октомври се одбележа Светскиот ден на храна. Стручната служба и одделенските раководители реализираа работилници за здравствена едукација на учениците.

## 18. УЧИЛИШНА КЛИМА

Климата за работа во училиштето е добра што се отсликува преку позитивните меѓучовечки односи како и взаемено почитување и рамноправен третман на сите структури. Училиштето е препознатливо по квалитетот на работење, постигнувања на учениците во различни области, успешна инклузија и мултиетничка интеграција, постојана грижа за безбедност и добросостојба на сите ученици.

Училиштето се наоѓа во еколошки чиста средина. Успешно се реализираат мисија и визија, континуирано се води грижа за здравјето на сите ученици (физичко, ментално и социјално здравје). Во училиштето се поттикнува и практикува родова еднаквост, мултикултурализам и меѓуетничка интеграција.

Училиштето овозможува услови за младински активизам, ги поттикнува учениците за ангажирање во заедницата и реализација на хуманитарни акции за помош на наши ученици и други сограѓани, активности на ученички парламент, активности иницирани од учениците и поддржани од училиштето. Во учебната 2023/2024 година, учениците, родителите и заедницата беа успешно вклучени во училишниот живот и секојдневната работа на училиштето.

## 18. 1 ДИСЦИПЛИНА

Кодексот на училиштето се применува според претходно усвоени правила на однесување и тие се почитуваат од учениците и вработените. Во учебната 2023/2024 година, вработените се грижеа за почитување на правилата на однесување на учениците за време на престој во училиште и за време на патување со училишниот автобус. Сите вработени се грижеа за безбедноста и однесувањето на учениците при приемот во училиште, за време на одморите и одењето дома.

Подобрувањето и одржувањето на дисциплината на сите субјекти во училиштето се реализираше според распоредот за дежурство, така што за секој работен ден се определуваа одговорни – дежурни наставници и ученици. Учениците имаа обврска за време на наставата дисциплинирано и активно да го следат секој час, да внимаваат, да бидат концентрирани и да ги извршуваат зададените работни задачи.

Во училиштето се реализираа советувања, разговори и работилници за насочување на учениците да се однесуваат совесно, учтиво и одговорно. Училиштето има изготвено и соодветно го применуваше правилникот за изрекување педагошки мерки.

Училиштето во соработка со Ученичкиот парламент подготви и реализираше повеќе активности со цел надминување на појава на закани, говор на омраза, навреди и провокации меѓу соучениците.

## 18.2 ЕСТЕТСКО И ФУНКЦИОНАЛНО УРЕДУВАЊЕ НА ПРОСТОРОТ ВО УЧИЛИШТЕТО

Вработените и учениците имаат развиено одговорен однос кон уредување и одржување на просторот, како и естетскиот момент на просторот (училниците) во кои се поминува голем дел од денот. Во учебната 2023/2024 година заеднички се грижеа за уредување на паноата во училниците како и катчињата со ученички изработки во училишниот ходник. Во училиштето се водеше грижа за функционалното и естетско уредување и одржување на просторот, во согласност со возраста на децата. Наставниците внимаваа на уредувањето на катчињата во училниците во согласност со начинот на работа во активната настава (уредување на катчињата според актуелните теми кои се реализираа).

Во училиштето исто така се водеше грижа и за училишниот двор, се одржуваа зелените површини, се засадуваа садници и цвеќиња, се одржуваа поставените клупи. Сите вработени заедно со учениците преку организирани акции придонесуваа за убавиот изглед на училиштето.

## 18.3 ЕТИЧКИ КОДЕКСИ

Училиштето реализираше заеднички наставни и вонnаставни активности со балансирани хетерогени групи ученици од централно и подрачно училиште кои следеа настава на два различни наставни јазици. Училиштето реализираше меѓуетничка соработка на учениците и вработените од централното и подрачното училиште и соработка со други основни училишта од Скопје во кои се реализира настава на македонски и албански јазик.

Училиштето има изготвено етички кодекси за учениците, наставниците, вработените и родителите. Изработени се нови училишни процедури и програми: процедура за превенција од дискриминација и сексуално вознемирување, помош на ученици под ризик, помош на ученици од социјално ранливи категории, превенција од зависности, како и програма за спречување омраза, провокации и навреди помеѓу учениците, постапка за пријавување и заштита на ученик/жртва на насилство, злоупотреба, занемарување и дискриминација.

Дефинирана е еко мисијата на училиштето „Развивање свесност за значењето на здрава и чиста животна средина“ која поттикнува правила на однесување на сите вклучени во еколошката програма. Во учебната 2023/2024 година учениците учествуваа во активности поврзани со екологија.

Училиштето има усвоен кодекс на однесување истакнат на видно место во кој се поставени принципи и правила на однесување на учениците, родителите и вработените во училиштето. Во училиштето се применуваат пишани процедури за постапување во случај на прекршување на принципите и правилата на однесување, пропишани со кодексот кои се спроведуваа во практика. Во училиштето на видно место е истакнат и се применува и Еко кодекс, изработен од ученици, родители и наставен кадар во соработка со Еко одборот.

## 18.4 ОДНОСИ МЕЃУ СИТЕ СТРУКТУРИ ВО УЧИЛИШТЕТО

Раководниот и наставниот кадар имаат меѓусебна соработка, почит и доверба и тоа придонесува за одржување на позитивна атмосфера во училиштето. Вработените ги упатуваа учениците да водат грижа за училиштето и инвентарот и пред се да се грижат едни за други. Грижата за другите ученици се реализираше преку бројни хуманитарни акции во училиштето за собирање материјални средства, храна и облека за ученици на кои им е потребна помош.

За подобрување на меѓусебната соработка и доверба се реализираа тројазични часови, соработка со родителите, соработка со НВО и Здруженија за поддршка на родители со деца со посебни потреби за успешно интегрирање на сите ученици и обезбедување поддршка на родителите. Училишната клима влијае на современата наставата која е флексибилна, интерактивна, прилагодена на потребите и интересите на учениците.

За позитивната училишна клима придонесуваше и соработката со родителите/старателите која се постигнува преку Совет на родители, Училишен одбор, едукативни работилници. Некои од родителите се вклучуваа како волонтери во разни случувања во училиштето, во улога на предавачи на теми за кои се стручни или како учесници во заеднички акции и други настани заедно со своите деца.

Тимот за училишна клима е составен од ученици, родители, наставници (Валентина Ивановска, Марија Ставреска, Имране Селмани, Слаѓана Јакимова, Дураку Ермира, Тамара Турмакоска и Марина Димовска). Училишниот тим направи анализа на критични точки во комуникацијата меѓу одредени структури и предложи конкретни активности за подобрување на квалитетот на коминикацијата и меѓусебната доверба и соработка.

# 19. ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОФЕСИОНАЛЕН И КАРИЕРЕН РАЗВОЈ НА ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНИОТ КАДАР

## 19.1 ДЕТЕКТИРАЊЕ НА ПОТРЕБИТЕ И ПРИОРИТЕТИТЕ

Училиштето континуирано водеше грижа за професионалниот развој на образовниот кадар водејќи сметка редовно да се посетуваат обуките и семинарите одобрени и организирани од МОН и БРО. Стручната служба води професионално досие за секој наставник.

## 19.2 АКТИВНОСТИ ЗА ПРОФЕСИОНАЛЕН РАЗВОЈ

Врз основа на утврдените потреби за професионален развој на сите вработени беа организирани и реализирани интерни обуки, семинари и работилници. Стекнатите знаења и способности се споделуваа преку дисеминација со колегите од централно и подрачно училиште. Тимот за професионален развој го сочинуваат координаторите на стручните активи на наставници во училиштето, директор и стручните соработници во училиштето. Приоритетите за професионален развој произлегуваа од евалуацијата на училиштето.

## 19.3 ЛИЧЕН ПРОФЕСИОНАЛЕН РАЗВОЈ

Во учебната 2023/2024 година наставниот кадар работеше на реализација на сопствениот личен план за професионален развој. Личниот план за професионален развој е изготвен врз основа на самоевалуација во однос на професионални компетенции, резултати од интегралната евалуација и извештаи од посети на часови на директорот на училиштето и советници од БРО.

## 19.4 ХОРИЗОНТАЛНО УЧЕЊЕ

Реализирани се различни видови дисеминација, пренесување на знаења и размена на професионалното искуство преку стручните активи, организираните нагледни часови, работилници. Училиштето беше континуирано вклучено во иновациите во образовниот систем преку следење на голем број обуки, вебинари и работилници.

## 19.5 КАРИЕРЕН РАЗВОЈ НА ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНИОТ КАДАР

Професионалниот развој води кон кариерно напредување на воспитно-образовниот кадар. Во процесот на кариерен развој на наставниците, проценувањето на исполнетоста на стандардите за напредување во звања се врши од неколку аспекти и ја прави училиштето.

За таа цел воспитно-образовниот кадар во училиштето е запознаен со: Основните професионални компетенции кои треба да ги поседува наставникот, Професионалните стандарди за наставник - ментор, Професионалните стандарди за наставник – советник. Во нашето училиште има еден наставник - ментор.

# 20. ИЗВЕШТАЈ ЗА СОРАБОТКА НА УЧИЛИШТЕТО СО РОДИТЕЛИТЕ, СТАРАТЕЛИТЕ

Родителите/старателите присуствуваа на индивидуални средби со наставниците во приемните денови во предметна и одделенска настава согласно распоредот на огласна табла. Беа реализирани и девет отворени дена во кои учество земаа повеќе родители/старатели.

## 20.1. ВКЛУЧЕНОСТ НА РОДИТЕЛИТЕ/СТАРАТЕЛИТЕ ВО ЖИВОТОТ И РАБОТАТА НА УЧИЛИШТЕТО

Соработката со родители беше реализирана со индивидуални средби, групни, телефонски разговори, интернет комуникација и писмени известувања. Средбите со родители се реализираа со претходно определен термин за прием на родител/старател.

Распоредот за приемни денови беше истакнат на почетокот од месец септември на огласна табла во училиштето. Родителите се вклучуваа во давање идеи, предлози, донесување одлуки преку Совет на родители и Училишен одбор. Советот на родители работеше според програма за работа, соработуваше со училиштето, избираше претставници за членови од Советот на родители, членови во училишни комисии. Претставници од родителите беа вклучени во изработка на Самоевалуација на работата на училиштето според новите индикатори на квалитетот на работата на училиштата, а дел од родителите беа вклучени во анкети, фокус групи и собирање и обрабока на податоците за самоевалуација.

Успешна соработка со училиштето, вработените и соработниците имаат претседателот на Советот на родители во централното училиште Ламбе Крстески и заменик претседателот Александра Ивановска, заедно со претседателот на Советот на родители во подрачното училиште Исамедин Адеми.

## 20.2. ВКЛУЧЕНОСТ НА РОДИТЕЛИТЕ/СТАРАТЕЛИТЕ ВО ПРОЦЕСОТ НА УЧЕЊЕ И ВОННАСТАВНИТЕ АКТИВНОСТИ

Соработката со семејствата одностно родителите/старателите на учениците е од особена важност за подобрување на успехот, постигнувањата, напредокот, дисциплината, поведението и редовноста на учениците. Важна е поддршката од родителите за спречување конфликти, намалување на насилство и булинг во училиштето. Родителите континуирано се вклучуваа во процесот на учење и вонnаставни активности преку давање поддршка на наставниците за работа со

учениците со попреченост, надарените и талентираните ученици, за професионална ориентација на учениците, во прибирање дидактички помагала и други наставни средства и материјали.

Начини на информирање на родителите: веб страната на училиштето и Facebook страната на училиштето.

### 20.3. ЕДУКАЦИЈА НА РОДИТЕЛИТЕ/СТАРАТЕЛИТЕ

Во учебната 2023/2024 година реализирани се повеќе активности со родителите, како советувања на родители на ученици кои нередовно посетуваат настава, имаат послаб успех во учењето и несоодветно однесување. Училиштето даваше поддршка и помош на родители со семејни проблеми и семејства со ризик. Инклузивниот тим, стручната служба и наставниците ги информираа родителите на ученици со ПОП за состојбата, напредок на нивните деца и начини како да ги остварат своите права. Родителите се известуваа континуирано, усно, електронски и писмено за успехот, дисциплината, поведението и редовноста на ученикот. Во соработка со родителите се работеше на помош на ученикот за надминување на пројавените проблеми. Училиштето изготвуваше информативни материјали, брошури, информатори, материјали прикачени на училишната веб платформа.

## 21. КОМУНИКАЦИЈА СО ЈАВНОСТА И ПРОМОЦИЈА НА УЧИЛИШТЕТО

Во учебната 2023/2024 година училиштето успешно комуницираше и соработуваше со други основни училишта, со локалната заедница, институции од областа на културата, институции од областа на образованието, невладини организации, спортски друштва и здравствени институции.

### 21.1 СОРАБОТКА СО ЛОКАЛНА ЗАЕДНИЦА (ЛОКАЛНА САМОУПРАВА, БИЗНИС ЗАЕДНИЦА, МЕСНО НАСЕЛЕНИЕ):

Комуникацијата и соработката со Општина Ѓорче Петров континуирано се унапредуваше и продлабочуваше, бидејќи е од суштествено значење. Општина Ѓорче Петров, Градоначалник Александар Стојкоски и општинските советници континуирано ги следеа и поддржуваа активностите кои ги реализираше нашето училиште во учебната 2023/2024 година.

Претставник во Училишен одбор од општината Ѓорче Петров е Игор Јовановски кој даде значаен придонес во унапредувањето на работата на училиштето со постојано следење на сите училишни активности. Членовите на комисијата за образование, спорт и наука при Општина Ѓорче Петров реализираа континуирана соработка со директорите на основните училишта, со цел промовирање на успесите на учениците. Училиштето оствaруваше усна, писмена и електронска комуникација и реализираше состаноци, средби, дебати и трибини.

## 21.2 СОРАБОТКА СО ИНСТИТУЦИИ ОД ОБЛАСТА НА КУЛТУРАТА:

Оваа соработка се реализираше преку учество на литературни и ликовни конкурси, натпревари, посети на културно - историски споменици, музеи, библиотеки, домови на културата и кино сали.

## 21.3 СОРАБОТКА СО ИНСТИТУЦИИ ОД ОБЛАСТА НА ОБРАЗОВАНИЕТО:

Преку својата работа нашето училиште соработуваше со останатите училишта од општина Ѓорче Петров и градот Скопје, БРО, МОН, ДИЦ, Државен просветен инспекторат, ЕЛС - Сектор за основно образование, Istituto Comprensivo „Giudice Rosario Livatino“ di Roccalumera и Невладина организација GLOBAL ETKİLEŞİM DERNEĞİ од Анталија, Турција. Соработката се реализираше преку сите видови комуникација (писмена, електронска, усна, преку посета на училиштето, онлајн работилници, организирање обуки и семинари).

## 21.4 СОРАБОТКА СО НЕВЛАДИНИ ОРГАНИЗАЦИИ:

Со цел афирмирање на активностите и постигнувањата во училиштето, обезбедување помош и поддршка на учениците од ранливи групи, се соработуваше со голем број невладини организации, СОС центри, Младински културни центри, Еколошки друштва, Црвен крст - Карпош, АДРА и други.

## 21.5 СОРАБОТКА СО СПОРТСКИ ДРУШТВА:

Нашето училиште со цел да го афирмира спортот помеѓу учениците, во учебната 2023/2024 година, соработуваше со голем број спортски друштва, како што се: Федерација на училишен спорт на Македонија, Општински училишен спорт Ѓорче Петров. Активностите на спортските друштва се реализираа преку учество на нашите ученици на натпревари во разни спортови. На овој начин се поттикнуваше спортскиот и натпреварувачкиот дух кај учениците.

## 21.6 СОРАБОТКА СО ЗДРАВСТВЕНИ ИНСТИТУЦИИ:

Во учебната 2023/2024 година, училиштето соработуваше со здравствени институции: Поликлиника Ѓорче Петров - оддел за училишна медицина и училишна стоматологија, здравствени установи во локалната средина и Центар за јавно здравје. Преку соработката со овие институции перманентно, превентивно и континуирано е заштитено здравјето на нашите ученици.

## 21.7 СОРАБОТКА СО МЕДИУМИ:

Училиштето ја промовираше својата работа и постигнатите резултати во соработка со медиумите. Ученичкото творештво, ученичките постигања во разни области, училишните проекти добија можност за поширока афирмација.

# 22. СЛЕДЕЊЕ НА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈАТА НА ГОДИШНАТА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ

Следење на имплементацијата на годишната програма за работа на училиштето се реализираше тимски во согласност со претходно изработен план.

# 23. ЕВАЛУАЦИЈА НА ГОДИШНАТА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ

За да се утврди квалитетот на работата на основното училиште извршена е евалуација на активностите предвидени со годишната програма за учебната 2023/2024 година. Евалуацијата се спроведува во три фази: подготвителна фаза, фаза на реализација и фаза на известување и усвојување.

Со цел да се формираат заклучоци и да се дадат препораки за понатамошна работа собирани се докази. Како докази се користени целокупната евиденција и документација на училиштето, записници и протоколи, анализи, увид во работата на учениците и наставниците, независни еволуциони извештаи, согласно индикаторите за секое подрачје.

# 24. КОМИСИЈА ЗА ИЗРАБОТКА НА ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ:

Елеонора Трајковска – Директор
Јусрен Селмани – Помошник - директор
Соња Лазороска – Наставник од предметна настава
Ана Настова - Наставник од предметна настава
Кире Николоски – Наставник од предметна настава

Техничка и информатичка поддршка:
Гордана Костовска – Наставник по информатика

Директор
Елеонора Трајковска

Претседател на Училишен одбор
Александра Ивановска

______________________________ м.п. ______________________________

# ПРИЛОЗИ

## ПРИЛОГ 1. Годишен извештај за работа на директор Елеонора Трајковска

Директорот на училиштето во согласност со законските прописи и статутот на училиштето ја извршува раководната функција која бара темелен, сериозен и одговорен пристап во работењето. Директорот го води училиштето во насока на трансформација и воведување иновации со цел подобрување на квалитет на наставата и целокупното работење на училиштето. Програмата за работа на Директорот претставува интегрален дел од Програма за работа на училиштето и директорот ќе се насочи кон нејзина квалитетна реализација.

Приоритети во работата на училиштето и на директорот се:

1. Унапредување на реализација на наставата: обезбедување услови и опрема за реализација на настава согласно новата Концепција за основно образование

2. Набавка на потребните ресурси (наставни средства и помагала, електронска опрема - ЛЦД и компјутери) неопходни за реализација на наставата согласно новата концепција.

3. Користење на набавените ресурси (наставни средства и помагала, електронска опрема, ЛЦД, компјутери) во редовната настава и воннаставни активности.

4. Изработка на училишни процедури и програми

Задачи: изработка на следните процедури и програми: процедура за превенција од дискриминација и сексуално вознемирување, процедури за помош на ученици под ризик, процедура за помош на ученици од социјално ранливи категории, програма за спречување на омраза, провокации и навреди помеѓу ученици, процедури за превенција од зависности.

5. Подобрување на поддршка и вклученост на ученици и родители во активностите на училиштето

Задачи: вклучување на учениците во изработка на анкетни листови за изборни предмети, вклучување на учениците во работа на Наставнички совет, одделенски совети и Училишен одбор, реализација на работилници за родители за запознавање со Правата на децата, Реализација на отворен ден за граѓанско образование ((а) поттикнување одговорност кај учениците за состојбите и условите во училиштето и заедницата и б) превземање активности за позитивна промена)

6. Подобрување на условите за работа во централното и подрачното училиште:

Задачи: подобрување на пристапност и услови за реализација на настава по физичко образование во подрачното училиште и подобрување на услови за престој и работа на лица со телесна попреченост, услови за работа на стручната служба, подобрување на физички услови за реализација на воннставни активности во централното училиште.

| Задачи | Реализирани активности | Соработници | Форми на работа | Постигнати ефекти | Време |
|---|---|---|---|---|---|
| Создавање услови за работа во училиштето | Технички подготовки на училишните објекти за почеток на учебната година | Технички кадар<br>Хаусмајстор | Разговори<br>Консулатции<br>Набавки<br>Решенија | Подготвени училишни објекти за успешен почеток на новата учебна година | II, IX.2023 |
| | Снабденост со мебел, опрема и наставни средства | Секретар<br>Домакин | | | |
| | Кадровски прашања | Пом. директор | | | |
| | Подготовки за прием на ученици на прв училишен ден во централното и подрачното училиште | Стручна служба<br>Пом. Директор<br>Наставници | Тимска работа | Промоција на работата на училиштето | II.2023 |
| | Создавање оптимални просторни и технички услови за престој и работа во централно и подрачно училиште | Пом. Директор<br>Домакин<br>Технички кадар | Разговори<br>Консулатции<br>Набавки | Подобрување на условите за работа | ела учебна година |
| Организација на воспитно образовната работа | Формирање одделенија и паралелки | Психолог<br>Наставници | Соопштенија<br>Договори<br>Консултации<br>Анализи | Успешна подготовка и организација на целокупното работење на училиштето за учебната 2023/2024 година | II, IX.2023 |
| | Распределба на часови и задолженија | Пом. директор<br>Наставници | | | |
| | Утврдување на бројна сосотојба на ученици | Психолог<br>Наставници | Договори<br>Анализи | | |
| | Изработка и усвојување на Годишна програма за работа на училиштето | Пом. Директор<br>Наставници<br>Психолог<br>Стручни активи | Тимска работа | | |
| | Собирање на сите програми и планирања од наставниците | | | | |
| | Изготвување на распоред на часови | | | | |
| | Распределба на задачи и задолженија за Тимови и поединци, изработка на нормативни акти | Стручна служба<br>Пом. Директор<br>Стручно активи | Соопштенија<br>Договори<br>Консултации | Ефиксна работа на училиштето | ела учебна година |
| Материјално-финансиско работење на училиштето | Организација на пописи, пресметки, изработка на завршна сметка, реализација на финансов план | Секретар<br>Училишен одбор<br>Пом. директор<br>Наставници | Пописи<br>Пресметки<br>Договори<br>Соопштенија | Успешно финансиско работење на училиштето | ела учебна година |
| Набавка на основни средства за работа | Набавка на наставни средства, материјали за работа, средства за одржување на хигиената, опрема, мебел и др. | Пом. Директор<br>Домакин<br>Технички кадар | Анализи<br>Набавки<br>Распределба за користење | Создавање поволни технички услови за работа, запазување на стандардите | ела учебна година |
| Соработка со стручни органи и служби, БРО, ДПИ, ДИЦ, МОН, родители | Материјално-финансиски прашања | Одговорни лица | Консултации<br>Одлуки<br>Соопштенија<br>Обуки | Ефикасност во воспитно образовната работа | ела учебна година |
| | Кадровски прашања | | | | |
| | Стручно усовршување | | | | |
| | Воспитно-образовна работа на училиштето. | | | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| институции, | | | Решенија<br>Напатствија | | |
| Соработка со локалната средина | Соработка со Општина Ѓорче Петров: Градоначалник, одговорни лица,советници,служби и сектори,<br>Соработка со урбаните заедници<br>Соработка со училиштата и градинката во Општината<br>Соработка со организации, установи и фирми во Општината | Одговорни лица<br>Пом. Директор<br>Стручна служба<br>Наставници | Консултации<br>Одлуки<br>Соопштенија<br>Седници<br>Работни акции | Осовременување на условите за реализиција на воспитно образовната работа. Афирмација на училиштето | ела учебна година |
| Увид и контрола на работата на технички и административен кадар | Увиди и контрола на уреденост на двата училишни објекти | Технички кадар<br>Домакин | Договори<br>Увиди<br>Косултации<br>Работни акции<br>Одлуки<br>Соопштенија | Создавање добри технички, санитарни, безбедни услови за работа | ела учебна година |
| | Увиди и контрола на хигиената на двата училишни објекти | Технички кадар<br>Пом. Директор | | | |
| | Контрола на безбедноста на објектите и опремата | Технички кадар<br>Чуварска служба | | | |
| Евиденција и документација | Подготовки за седници<br>Контрола на педагошка евиденција и документација<br>Изработка и донесување на нормативни акти, соопштенија, кодекси, одлуки | Пом. Директор<br>Секретар<br>Наставници<br>Психолог<br>Училишен одбор<br>Совет на родители<br>Стручни активи | Договори<br>Увиди<br>Косултации<br>Соопштенија<br>Седници<br>Тимска работа | Осовременување на воспитно образовната работа. Ефиксаност во работењето. | ела учебна година |

| **Подрачје на работа: РАКОВОДЕЊЕ И ПЕДАГОШКО - ИНСТРУКТИВНА РАБОТА** | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Задачи** | **Реализирани активности** | **Цели** | **Соработници** | **Форми на работа** | **Постигнати ефекти** | **Време на работа** |
| Концепирање и програмирање | Концепирање на програмата согласно препораки од БРО и МОН, Концепција за основно образование и контрола на изготвувањето<br>Изработка на Програма за работа на Директор<br>Изработка на Годишна програма за работа на Наставничкиот совет<br>Изработка на Годишна Програма за | Планирање и програмирање на целокупното работење на училиштето согласно законските акти. Унапредување на воспитно | Помошник директор<br>Стручна служба<br>Секретар<br>Наставници<br>Училишен одбор<br>Наставнички совет<br>Стручни активи<br>Ученички заедници | Консултации<br>Состаноци<br>Седници<br>Анализи<br>Разговори<br>Пресметки<br>Анкети<br>Решенија<br>Соопштенија | Успешен почеток и тек на учебната година. Подигање на нивото на организациска поставеност на училиштето. | VII,<br>VIII,<br>IX.<br>2023 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | работа на Одделенски совети<br>Изработка на календар за работа на училиштето<br>Изготвување Програма за следење, вреднување и унапредување на воспитно-образовната работа<br>Изработка на распоред за дежурства на наставниците<br>Изготвување Програма за стручно и педагошко усовршување на воспитно-образовен кадар<br>Анализа и вреднување на програмите на наставниците<br>Изготвување Финансов план<br>Соработка со Училишен одбор, стручни органи, Стручни активи, Ученичка заедница | образовната работа на училиштето. | Совет на родители<br>Одделенски совет | | Ефикасност во работењето.<br><br>Осовременува ње на целокупното работење на училиштето. | Цела учебна 2023/2024 година |
| Следење на организација и реализација на воспитно образовната работа | Увиди во подготовка и реализација на наставен час<br>Следење на примена на наставни форми и методи по посебен акцент на активна настава,диференцирани цели и активности<br>Контрола на користење на ИКТ<br>Следење на работата на стручните органи и стручните активи<br>Советодавна и консулатативна работа<br>Разрешување проблеми<br>Следење на оценувањето | Следење и унапредување на воспитно-образованата работа на училиштето.<br>Следење на реализација на приоритетите на училиштето. | Помошник директор<br>Стручна служба<br>Стручни активи<br>Наставници<br>Училишен одбор<br>Наставнички совет<br>Одделенски совет<br>Инклузивен тим | Консултации<br>Посета на час<br>Состаноци<br>Седници<br>Анализи<br>Разговори<br>Соопштенија | Осовременува ње на воспитно образовната работа.<br>Реализација на Годишна програма.<br>Примена на критериумите за оценување на знаењата на учениците.<br>Реализација на приоритетите на училиштето | Цела учебна 2023/2024 година |
| Стручно и предагошко усовршување на вработените | Изготвување на програма за професионален развој на вработените<br>Советодавна работа и следење на напредокот на приправниците<br>Соработка со научни и стручни установи на полето на стручно | Професионален развој на вработените.<br>Осовременување на наставата.<br>Подобрување на постигањата на | Помошник директор<br>Стручна служба<br>Стручни активи<br>Наставници<br>Стручни лица<br>Родители | Консултации<br>Разговори<br>Анализи<br>Евалуации<br>Состаноци<br>Седници<br>Анкети | Стручно усовршување на наставниот кадар и останати вработени.<br>Унапредување | Цела учебна 2023/2024 година |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | усовршување на вработените<br>Организација на едукации, семинари, советувања, работилници, дискусии, дебати<br>Снабдување на библиотеката со стручна литература за наставници и литературни изданија за ученици<br>Презентација на новини во психологија, менаџмент, педагогија, методика и дидактика<br>Соработка со родителите<br>Следење на напредокот на учениците<br>Анализа на напредокот на учениците | учениците. | Совет на родители<br>Наставнички совет<br>Одделенски совет<br>Инклузивен тим | Статистички анализи | на наставата. Подобрување на училишниот успех. | |
| Соработка со наставен кадар и стручна служба | Распоредување работни задачи<br>Планирања и подготовки на воспитно-образовната работа<br>Анализа на постигнати резултати | Раководење и организација на целокупната работа | Помошник директор<br>Стручна служба<br>Наставници | Разговори<br>Консултации<br>Советувања<br>Соопштенија | Ефикасност во работењето | Цела учебна 2023/2024 година |
| Аналитичко студиска работа | Анализа на програмите<br>Изготвување извештаи, стручни и статистички анализи, евалуации, утврдување насоки и мерки<br>Анализа на успех, поведение и изостаноци на учениците и утврдување мерки за надминување на проблемите<br>Подготовки на стручни материјали и предавања | Унапредување на воспитно образовната работа на училиштето. | Помошник директор<br>Стручна служба<br>Наставници<br>Стручни активи | Седници<br>Разговори<br>Консултации<br>Советувања<br>Соопштенија<br>Статистички анализи<br>Дескриптивна статистика | Осовременува ње на воспитно-образовната работа. Кариерен развој | Цела учебна 2023/2024 година |
| Соработка со стручните активи и стручните органи | Планирање, програмирање, организација и раководење со Наставнички совет<br>Увиди во работата, следење на реализација на програмите за работа и учество во работата на Одделенски осовет, стручни активи, стручна служба, одделенски раководители | Раководење и организација на работењето на училиштето. | Помошник директор<br>Стручна служба<br>Наставници<br>Стручни активи<br>Наставнички совет | Увиди<br>Состаноци<br>Седници<br>Консултации<br>Одлуки<br>Соопштенија<br>Советувања | Ефикасна реализација на Годишната програма за работа на училиштето. Позитивна училишна клима и култура | Цела учебна 2023/2024 година |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Раководење со седниците на Одделенски и наставнички совет и имплементација на донесените одлуки и решенија<br>Соработка со стручните активи и стручните органи за подобрување на училишниот успех и унапредување на воспитно образовната работа и успешна имплементација на Концепција за основно образование | | | | | |
| Соработка со родителите и со Совет на родители | Соработка со родителите и нивно вклучување во реализација на Годишната програма на училиштето<br>Вклучување на родителите во изработка на анализи и извештаи<br>Реализација на Програма за советување на родители<br>Планирање, организација и учество во реализација на Родителски средби, нивни анализи<br>Индивидуални средби со родители и советување на родители за надминување на утврдени проблеми со нивните деца<br>Информирање на родителите за работата на училиштето, постигнувањата и сите прашања од дејноста на училиштето<br>Конституирање на Совет на родители, запознавање на родителите со Кућен ред, закони, правила, нормативни акти<br>Соработка со Совет на родители | Вклучување на родителите во целокупната работа на училиштето | Родители<br>Совет на родители<br>Психолог<br>Помошник директор<br>Одделенски раководители<br>Наставници | Разговори<br>Состаноци<br>Родителски средби<br>Седници<br>Консулатции<br>Одлуки<br>Соопштенија<br>Кодекси на однесување | Редовно и навремено информирани родители.<br>Учество на родителите во целокупната работа на училиштето.<br>Учество на родителите во донесување важни одлуки и креирање на училишната клима и култура. | Цела учебна 2023/2024 година |
| Соработка со Училишен одбор | Подготвување седници на Училишен одбор<br>Присуство на седници и помош во работата на Училишниот одбор<br>Подготвување извештаи, стручни | Ефикасно функционирање на Училишниот одбор. | Училишен одбор<br>Пом. Директор<br>Секретар<br>Наставници<br>Совет на родители | Разговори<br>Состаноци<br>Родителски средби<br>Седници | Унапредување на работата на Училишниот одбор.<br>Законско | Цела учебна 2023/2024 година |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| - Инструктивно - советодавна работа со родителите на учениците (насоки за работа дома)<br>- Запознавање со процесот на Инклузија<br>- Запознавање и вклучување во процесот на изработка на ИОП,<br>- Упатување на соодветни стручни установи согласно потребата на ученикот<br>- Информирање на родителите на учениците со ПОП за нивните права, обврски и бенефиции кои можат да ги добијат и до релевантни институции за помош<br>- Редовно информирање на родителите за напредувањето на нивните деца<br>- Подготвување материјали за едукација на родителите (презентации, брошури, флаери, пишани материјали) | 09.2023 – 06.2024 | Наставници, стручна служба, училишен инклузивен тим | Родители на УПОП | Зголемување на можностите за остварување на ефективна едукација на учениците во домашна средина и редовно информирање на родителите за напредокот на нивните деца<br>Родителите даваат значаен придонес во поставувањето на целите и задачите и определување на содржината<br>Родителите се информирани за стручни лица и сервиси за поддршка во заедницата |

**ПОДРАЧЈЕ 5: СОРАБОТКА СО ЛОКАЛНА ЗАЕДНИЦА И ДРУГИ ИНСТИТУЦИИ**

| Реализирани активности | Време на реализација | Реализатор | За кого е наменета | Постигнати резултати |
|---|---|---|---|---|
| Соработка со надлежните институции (МОН и БРО), меѓународни асоцијации и организации, граѓанскиот сектор, општина | 09.2023 – 12.2023 | Наставници, стручна служба, училишен инклузивен тим | Наставници, ученици и родители | Консултации, размена на информации и искуство;<br>Унапреден воспитно -образовен процес |
| Соработка со здравствени установи и институции во полето на раното откривање, дијагностиката и третманот на учениците со посебни образовни потреби | 09.2023 – 12.2023 | Наставници, стручна служба, училишен инклузивен тим | Наставници, ученици и Родители | Упатување на учениците во установи за дијагностика и третман. Подобрување на нивните потенцијали<br>Постигнување подобар училишен успех |
| Соработка со МКФ за рано откривање, дијагностика и третман на учениците со посебни образовни потреби | 09.2023 – 12.2023 | Стручна служба | Ученици со ПОП | Рано откривање, дијагностика, континуиран третман на ученици со ПОП |
| Соработка со училиштата од реонот и пошироко заради обезбедување соодветна помош во однос на учениците со ПОП. | 09.2023 – 12.2023 | Специјален едукатор и рехабилитатор | Наставници, ученици и Родители | Споделување на искуства за надминување на предизвиците и унапредување на процесот на инклузија |
| Одбележување на деновите на лицата со посебни образовни потреби. | 03.12.2023<br>21.03.2024<br>25.03.2024<br>02.04.2024 | Специјален едукатор и рехабилитатор | Ученици со ПОП | Зголемување на јавната свест кај луѓето за лицата со ПОП и подобрување на инклузијата |

| ПОДРАЧЈЕ 6: ПРОФЕСИОНАЛНО УСОВРШУВАЊЕ | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Реализирани активности** | **Време на реализација** | **Реализатор** | **За кого е наменета** | **Постигнати резултати** |
| - Учество на обуки, семинари конференции, советувања организрани од БРО, МОН и др. институции<br>- Следење стручна литература<br>- Вршење на дисеминации и различни форми на интерно стручно усовршување на наставниците, во рамки на стручните активи на предметна и одделенска настава на различни теми кои се поврзани со учениците со ПОП | 15.12.2023<br>19.12.2023<br>28.02.2024<br>25.04.2024 | Специјален едукатор и рехабилитатор | Наставници, ученици | Професионален напредок и стручно усовршување |

| ПОДРАЧЈЕ 7: АНАЛИТИЧКО ИСТРАЖУВАЧКА РАБОТА | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Реализирани активности** | **Време на реализација** | **Реализатор** | **За кого е наменета** | **Постигнати резултати** |
| Спроведува акциски истражувања за подобрување на наставата | По потреба | Специјален едукатор и рехабилитатор, стручна служба | Ученици со ПОП | Унапредување на процесот на инклузија на учениците со ПОП |
| Периодично ја следи изработката на евиденцијата и документацијата на учениците со ПОП | 09.2023 – 06.2024 | Специјален едукатор и рехабилитатор | Ученици со ПОП | |
| Се грижи за соодветна вклученост на учениците со ПОП во активностите на ученичките заедници | 09.2023 – 06.2024 | Специјален едукатор и рехабилитатор | Ученици со ПОП | |
| Статистичка обработка на податоците за учениците со ПОП. | 09.2023-06.2024 | Специјален едукатор и рехабилитатор | Ученици со ПОП | |

# ПРИЛОГ 5. Годишен извештај за работа на библиотекар Босилка Симоноска Донева

| Реализирана програмска активност | Време на реализација | Реализатор | Целна група | Постигнати ефекти |
|---|---|---|---|---|
| Создавање навики кај учениците за самостоен избор на книги и поттикнување на интерес за читање | 09.2023 - 06.2024 | Библиотекар | Ученици | Учениците самостојно ги пронаоѓаат книгите |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Водење на библиотекарска секција | 09.2023 - 06.2024 | Библиотекар | Ученици | Учениците се запознаени со работата на училишната библиотека |
| Соработка со МОН во врска со бесплатните учебници | 09.2023 - 06.2024 | Библиотекар | Ученици | Учениците се обезбедени со учебници |
| Работа со бесплатни учебници | 09 - 11.2023 | Библиотекар | Ученици | Подобри резултати во учењето |
| Внимателно чување, ракување и заштита на книгите | 09.2023 - 06.2024 | Библиотекар | Во интерес на училиштето | Книгите се во добра состојба |
| Упатување на користење на речници, енциклопедии, лексикони | 09.2023 - 06.2024 | Библиотекар | Ученици | Самостојно користење на овој вид литература |
| Издавање на книги и разговор за прочитаните книги | 09.2023 - 06.2024 | Библиотекар | Ученици | Учениците ја прочитале книгата |
| Збогатување на библиотечниот фонд со стручна литература, нагледни средства по однапред подготвена програма | 09.2023 - 06.2024 | Библиотекар | Во интерес на училиштето | Набавка на нови книги и нагледни средства |
| Чување на библ. фонд книги, списанија, аудио-визуелен и документарен материјал | 09.2023 - 06.2024 | Библиотекар | Во интерес на училиштето | Библиотечниот фонд не се осипува |
| Помош во организирање на наставни часови во библиотеката | 09.2023 - 06.2024 | Библиотекар | Ученици и наставници | Успешно изведена настава |
| Информирање за ново набавени и невратени книги | 09.2023 - 06.2024 | Библиотекар | Ученици | Книжниот фонд се зголемува |
| Изработка на годишен извештај за работата на библиотеката во учебната 2023/2024 година | 09.2023 - 06.2024 | Библиотекар | Библиотекар | Увид на реализираните активности за работата на библиотеката во учебната 2023/24 година. |

## ПРИЛОГ 6. Годишен извештај за работа на Училишен одбор

Во текот на учебната 2023-2024 година беа реализирани следниве седници на Училишен одбор:

| Реализирана активност | Време на реализација | Реализатор | Форма на работа | Постигнати ефекти |
|---|---|---|---|---|
| - Одлука за формирање на комисија за објава на оглас и евалуација на понуди за организација на училишни екскурзии<br>- Донесување Одлука за реализација на есенски екскурзии и излети на учениците<br>- Донесување Одлука за усогласување на Распоред на ѕвонење | 15.09.2023 | Членови на Училишен одбор, директор, секретар | Седница<br>Дискусија<br>Презентација | На присутните членови на Училишен одбор им беше презентиран дневниот ред и истиот беше усвоен од страна на членовите. |
| - Донесување Одлука за Ребаланс на буџет | 04.10.2023 | Членови на | Седница | На присутните членови на Училишен |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| - Разгледување на Извештајот од Комисијата за прибирање понуди и донесување Одлука по спроведена постапка за избор на најповолен понудувач за реализација на екскурзии | | Училишен одбор, директор, секретар | Дискусија Презентација | одбор им беше презентиран дневниот ред и истиот беше усвоен од страна на членовите. |
| Оценување на работата на училиштето преку спроведена Интегрална евалуација | 16.11.2023 | Членови на Училишен одбор, директор, секретар | Седница Дискусија Презентација | На присутните членови на Училишен одбор им беше презентиран дневниот ред и истиот беше усвоен од страна на членовите. |
| - Конституирање на Училишен одбор<br>- Извештај за работа на училиштето<br>- Мислење за вработување на наставен кадар | 28.11.2023 | Членови на Училишен одбор, директор, секретар | Седница Дискусија Презентација | На присутните членови на Училишен одбор им беше презентиран дневниот ред и истиот беше усвоен од страна на членовите. |
| - Разгледување на Приговор по Оглас за Стручен соработник – Библиотекар на определено време | 20.12.2023 | Членови на Училишен одбор, директор, секретар | Седница Дискусија Презентација | На присутните членови на Училишен одбор им беше презентиран дневниот ред и истиот беше усвоен од страна на членовите. |
| - Донесување Одлука за објавување Оглас за избор на директор<br>- Донесување Одлука за избор на Комисија за спроведување на Огласот за избор на директор | 29.12.2023 | Членови на Училишен одбор, директор, секретар | Седница Дискусија Презентација | На присутните членови на Училишен одбор им беше презентиран дневниот ред и истиот беше усвоен од страна на членовите. |
| - Разгледување на извештајот од комисијата задолжена за прием и разгледување на пријавите со потребните документи по објавениот оглас за избор на Директор на училиштето<br>- Интервју со кандидатите за избор на директор на училиштето<br>- Одлука за доставување на предлог за избор на Директор до Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров | 12.01.2024 | Членови на Училишен одбор, директор, секретар, присутен член од БРО | Седница Дискусија Презентација | На присутните членови на Училишен одбор им беше презентиран дневниот ред и истиот беше усвоен од страна на членовите. Едногласно беше одлучено и дадено како предлог до Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров, кандидатот Елеонора Трајковска да биде избрана за Директор на ООУ „Јоаким Крчоски“ – Волково, Скопје во наредниот четиригодишен период. |
| - Полугодишен извештај за работата на училиштето во учебната 2023-2024 година.<br>- Разгледување нацрт извештај од Државен просветен инспекторат со бр. 09.1207-3 од 26.01.2024<br>- Годишен извештај за финансиското | 30.01.2024 | Членови на Училишен одбор, директор, секретар | Седница Дискусија Презентација | На присутните членови на Училишен одбор им беше презентиран дневниот ред и истиот беше усвоен од страна на членовите. Според извештајот од ДПИ донесени се следните заклучоци и препораки: |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| работење во ООУ „Јоаким Крчоски“ – Волково во 2023 година<br>- Извештај за попис за 2023 година | | | | Недоволен училишен простор за реализација на концепцијата по новиот концепт на работа<br>Недоволен буџет за реализација на вкупните активности поврзани со образовниот процес;<br>Директорката во целост ги образложи добиените извештаи за финансиското работење на училиштето во 2023 година. |
| - Разгледување на конечен Извештај од извршената Интегрална евалуација | 05.03.2024 | Членови на Училишен одбор, директор, секретар | Седница<br>Дискусија<br>Презентација | На присутните членови на Училишен одбор им беше презентиран дневниот ред и истиот беше усвоен од страна на членовите. Училишниот одбор треба да изготви и донесе акционен план со динамика на извршување со кои ќе се отстранат слабите страни во работењето на училиштето констатирани од извештајот на Интегралната евалуација. |
| - Одлука за формирање комисија за спроведување на самоевалуација за периодот 2024- 2026 година.<br>- Разгледување на изготвен Акциски план по извештај од интегрална евалуација.<br>- Приватно обезбедување во училиштето за време на настава во учебната 2023-2024 година | 12.03.2024 | Членови на Училишен одбор, директор, секретар | Седница<br>Дискусија<br>Презентација | На присутните членови на Училишен одбор им беше презентиран дневниот ред и истиот беше усвоен од страна на членовите. Формирана е комисија за спроведување на самоевалуација во ООУ „Јоаким Крчоски“ - Волково за периодот 2024- 2026 година.<br>Прифатен е Акцискиот план изработен по достава на конечниот извештај од интегралната евалуација на училиштето и истиот е доставен до ДПИ – раководителот на тимот.<br>Директорката информираше за спроведената анкета со учениците и родителите за приватно обезбедување. |

# ПРИЛОГ 7. Годишен извештај за работа на Совет на родители

| Реализирани активности | Време на реализација | Реализатор | Форма на работа | Постигната цел/ефекти |
|---|---|---|---|---|
| -Именување нови членови во состав на Советот на родители<br>-Подготвеност на училиштето за учебна 2023/2024 година<br>-Планирани вонучилишни активности<br>-Предлози, мислења, сугестии | 11.09.2023 | Совет на родители | Седница<br>Дискусија<br>Презентација | На присутните членови на Совет на родители им беше презентиран дневниот ред и истиот беше усвоен од страна на членовите. Се поведе дискусија по дневниот ред и беа дадени неколку предлози од членовите на Совет на родители за подобрување на училишна клима |
| -Училиштето во целина | 16.11.2023 | Совет на родители | Седница<br>Дискусија<br>Презентација | На присутните членови на Совет на родители им беше презентиран дневниот ред и истиот беше усвоен од страна на членовите. Се поведе дискусија по дневниот ред и беа дадени неколку предлози од членовите на Совет на родители за подобрување на училишна клима и наставата |
| -Избор на членови во Училишен одбор<br>-Предлози, мислења, сугестии | 24.11.2023 | Совет на родители | Седница<br>Дискусија<br>Презентација | На присутните членови на Совет на родители им беше презентиран дневниот ред и истиот беше усвоен од страна на членовите. |
| -Реализација на Наставен план и Програма<br>-Разгледување на успех, изостаноци и поведение;<br>-Извештај од реализирани ученички излети и екскурзии<br>-Реализација на акција „Подари мудрост, подари знаење – донирај книга„<br>-Предлози, мислења, сугестии | 04.12.2023 | Совет на родители | Седница<br>Дискусија<br>Презентација | На присутните членови на Совет на родители им беше презентиран дневниот ред и истиот беше усвоен од страна на членовите. Се поведе дискусија по дневниот ред и беа дадени неколку предлози од членовите на Совет на родители за подобрување на училишна клима и наставата |
| - Реализација на Наставен план и Програма<br>- Разгледување на успех, изостаноци и поведение во првото полугодие од учебната 2023/2024;<br>- Квалитет во реализација на наставата во ООУ „Јоаким Крчоски“ - Волково<br>- Нацрт извештај од извршена интегрална евалуација во периодот од 15.11-21.11.2023<br>- Предлози, мислења, сугестии | 29.01.2024 | Совет на родители | Седница<br>Дискусија<br>Презентација | На присутните членови на Совет на родители им беше презентиран дневниот ред и истиот беше усвоен од страна на членовите. Се поведе дискусија по дневниот ред и беа дадени неколку предлози од членовите на Совет на родители за подобрување на училишна клима и наставата. На седницата беа истакнати когнитивните јаки и слаби страни во работата на училиштето. Преовладуваат јаки страни. Како една од слабите страни е истакнато тоа што училиштето работи во две смени и нема услови за реализација на кабинетска настава. Директорката истакна дека во соработка со Општина Ѓорче Петров ќе се работи на надминување на утврдените слабости. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| - Реализација на Наставен план и Програма<br>- Разгледување на успех, изостаноци и поведение на учениците во трето тримесечје во учебната 2023/2024 година;<br>- Извештај за реализација на пролетен излет;<br>- Подобрување на условите за реализација на наставата со опремување на училниците со телевизори (4 училници се опремени со нови телевизори со средства од проектот „Соработуваме за зелена иднина“ Еразмус +)<br>- Предлози, мислења, сугестии | 22.04.2024 | Совет на родители | Седница<br>Дискусија<br>Презентација | На присутните членови на Совет на родители им беше презентиран дневниот ред и истиот беше усвоен од страна на членовите. Се поведе дискусија по дневниот ред и беа дадени неколку предлози од членовите на Совет на родители за подобрување на училишна клима и наставата |

## ПРИЛОГ 8. Годишен извештај за работа на Наставнички совет

| Време | Реализирани активности | Реализатори | Постигнати ефекти |
|---|---|---|---|
| 28.09. 2023 | 1. Формирање Тим за поддршка на ученикот Андреа Кушевска од VIII[1] одделение;<br>2. Информации за Детска недела;<br>3. Разгледување и усвојување на „Училишна програма за зајакнување на менталното здравје и добросостојба на учениците“;<br>4. Предлози, мислења, сугестии. | Директор<br>Пом. Директор<br>Психолог<br>Специјален едукатор и рехабилитатор<br>Наставници<br>Претседатели на стручни активи | 1. Формиран е тим за поддршка на ученик Андреа Кушевска од VIII[1] одделение<br>2. По повод втората точка директорот на училиштето истакна дека во училиштето ќе се реализираат активности со сите ученици, согласно насоките добиени од надлежните институции<br>3. Психологот на училиштето ја презентираше „Училишна програма за зајакнување на менталното здравје и добросостојбата на учениците“.<br>4. Наставникот по Граѓанско образование Христова Љупка, даде неколку предлози за начини на кои ќе се реализира отворен ден за Граѓанско образование на училиштето во двата планирани термини.<br>Директорот на училиштето апелираше учениците помасовно да се вклучуваат на натпревари на општинско, регионално и државно ниво.<br>Пофалена е акцијата реализирана минатата година под мото „Подари книга“. Со оваа акција се збогати училишната библиотека со книги за деца. Присутните се сложија дека акцијата треба да се повтори и оваа учебна година.<br>Презентирана е Одлука на општина Ѓорче Петров, со која децата на учесниците во воениот конфликт се ослободуваат од плаќање вонаставни и вонучилишни активности (посети на екскурзии, излети, посета на кино, театар, музеи и сл.)<br>Директорката укажа на потребата тековно да се пополнуваат податоци за реализирани активности во табелите за Годишен извештај. |
| 16.10. 2023 | 1. Известување за најавена интегрална евалуација;<br>2. Формирање тим за | Директор<br>Пом. Директор<br>Психолог | 1. Директорката даде информации за најавена интегрална евалуација.<br>2. Формиран е тим за МИО<br>3. По барање на ООУ „Мирче Ацев“ да се определи ментор – наставник на нивниот |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | Меѓуетничка интеграција во образованието;<br>3. Назначување ментор на наставник - приправник од ООУ „Мирче Ацев“;<br>4. Извештај за избор на раководство на ученички парламент за учебна 2023 - 2024 година; | Специјален едукатор и рехабилитатор<br>Наставници<br>Претседатели на стручни активи | наставник приправник Маја Витковска – наставник по одделенска настава, назначен е наставник - ментор Валентина Ивановска од ООУ „Јоаким Крчоски“ во период од една година од 12.10.2023 до 11.10.2024 година<br>4. Одржана е седница на Ученички парламент на ден 13.10.2023 на која е направен избор на Претседател на ученички парламент, ученик правобранител и ученик заменик правобранител. Избрани се следните ученици:<br>• Претседател на ученички парламент – Ангела Цветковска $IX^2$ одд<br>• Ученик правобранител на ученички права – Борјана Тодоровска $IX^2$ одд<br>• Ученик заменик правобранител – Лина Димова $IX^2$ одд<br>Учениците учествуваа на последниот наставнички совет без право на глас. |
| 10.11. 2023 | 1. Реализација на наставен план и програма;<br>2. Утврдување на успех, редовност и поведение на учениците во прво тримесечие од учебната 2023/2024 година;<br>3. Реализација на приоритети на училиштето;<br>4. Согледување на наставниците од I - VI за искуства од примена на нови наставни програми;<br>5. Активности за еколошка едукација и подобрување на состојбата на животната средина;<br>6. Извештај за реализација на интерни натпревари на знаењата на учениците;<br>7. Извештај на работна група за евалуација на реализација на годишната програма;<br>8. Реализација на работилници Образование за животни вештини и МИО активности;<br>9. Реализација на активности за поттикнување на демократската клима во училиштето;<br>10. Информација за адаптација и напредок на учениците во I и VI | Директор<br>Пом. Директор<br>Психолог<br>Специјален едукатор и рехабилитатор<br>Наставници<br>Претседатели на стручни активи | 1. Од анализа на излагањето на одделенските и предметни наставници на одделенските совети, Наставничкиот совет изведе заклучок дека Наставниот план и Наставната програма се навремено реализирани<br>2. Психологот на училиштето даде анализа на успехот, редовност и поведение на учениците во прво тримесечие.<br>3. Директорката истакна за приоритетите од Годишната програма за учебна 2023 - 2024 година. Според новата концепција и за подобрување на приоритетот учење и настава спроведени се донации и собраните средства се наменети за купување телевизори. Целта е поставување телевизори на ниво на колектив за да можат да се реализираат наставните програми според новата концепција.<br>4. Наставниците ги истакнаа мислењата и искуството од примената на нови наставни содржини од I - VI одд.<br>5. По петтата точка беше истакнато дека ЕКО активности се реализираат во текот на првото тримесечие континуирано<br>6. Беа дадени детални информации за интерните натпревари и планирања за наредните планирани натпревари.<br>7. Работната група за евалуација на Годишна програма извести дека планираните активности со Годишната програма навремено се реализираат во училиштето. Исто така до следниот наставнички совет е неопходно да се формира Тим за евалуација на Годишна програма.<br>8. Во текот на првото тримесечие наставниците реализираа ОЖВ и МИО активности со учениците од одделенска и предметна настава. За секоја реализирана активност наставниците треба да доставаат извештај за истата кај стручната служба.<br>9. Планираните активности за поттикнување на демократска клима во училиштето ќе се реализираат во наредните денови, во форма на ученичка акција за позитивна еколошка промена. Активностите ќе бидат со наслов „Да намалиме употреба на вода и пластични шишиња за да ја заштитиме природата“. Активностите се поттикнати од истражување кое во училиштето е правено како дел од Еразмус проектот „ Соработуваме за зелена иднина“. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | одделение;<br>11. Ивештај од Инклузивниот тим за успех, напредок и социјализација на учениците со посебни образовни потреби;<br>12. Формирање на Тим за поддршка на ученик;<br>13. Распоред на предмети во е-дневник;<br>14. Одлука за ментор на приправници;<br>15. Предлози, мислења, сугестии. | | 10. Во глобала учениците од I и VI успешно се адаптираат на новата средина и услови. Единствени потешкотии се воочуваат кај двајца ученици од I одделение на кои континуирано се дава поддршка од наставниците и стручната служба.<br>11. Инклузивниот тим даде извештај за напредокот и социјализацијата на учениците со ПОП.<br>12. Формиран е тим за поддршка на ученик Антонија Поповска од VII[1] одд.<br>13. Директорката истакна секој наставник да внимава во пополнување на електронскиот дневник и сите предмети да бидат пополнети по распоред според листите од тримесечие.<br>14. За ментор на наставник - приправник по физичко и здравствено образование Татјана Вељановски, назначен е наставник ментор по физичко и здравствено образование Валентина Ивановска со почеток од 01.11.2023 година. За ментор наставник приправник по англиски јазик Рабије Мифтари, назначен е наставник ментор по англиски јазик Љуљзиме Јусуфи со почеток од 01.11.2023 година.<br>15. Добиена е согласност од општина Ѓорче Петров за хуманитарна акција за Леонид Индов. Средствата ќе бидат наменети за операција на Леонид. Може да се донира преку телефон и во кутија која ќе помине во секоја паралелка за учениците и наставниците. Училиштето реализира акција под мотото „Подари мудрост, знаење – донирај книга“ за збогатување на училишната библиотека. Учениците ќе донираат лектири според Наставната програма. Денес 10.11.2023 година најавена е инспекторката за поминување на подготвителната фаза пред интегрална евалуација. Дополнително директорката ќе даде известување кои денови ќе се реализира интегралната евалуација. |
| 27.11. 2023 | 1. Известување од ДПИ за спроведена интегрална евалуација и постапување по добиено решение;<br>2. Избор на членови за Училишен одбор од редот на наставници, стручни соработници и воспишувачи од училиштето;<br>3. Известување за неработни денови;<br>4. Предлози, мислења и сугестии. | Директор<br>Пом. Директор<br>Психолог<br>Специјален едукатор и рехабилитатор<br>Наставници<br>Претседатели на стручни активи | 1. Директорката го презентираше известувањето од ДПИ за спроведена интегрална евалуација. Од доставеното решение за постапување се анализирани предложените активности и распределени се задолженија за брзо, квалитетно и навремено реализирање на потребните активности во определениот временски рок.<br>2. Се пристапи кон тајно гласање со гласачки ливчиња. По извршеното гласање и по пребројаните ливчиња од 27 присутни членови на седницата на Наставнички совет констатирани се следните избрани членови на Училиштен одбор:<br>➢ Борјанка Стојческа – предметен наставник со 21 гласа<br>➢ Сања Андевска – одделенски наставник со 22 гласа<br>Останатите предложени членови се со следен број на гласови:<br>➢ Љупка Христова – предметен наставник со 4 гласа<br>➢ Слаѓана Гаврилоска – одделенски наставник со 5 гласа<br>➢ Симона Лекоска – специјален едукатор и рехабилитатор со 2 гласа<br>3. По третата точка директорката на училиштето го истакна следното: до училиштето пристигна известување од МОН дека по одлука на владата по Извадок од Нацрт – записникот од Сто деведесет и деветтата седница на Владата на Република Северна |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | Македонија одржана на 14 ноември 2023 година со деловоден број 41-11908/1 работното време за сите вработени во државна и јавна администрација на територијата на Град Скопје на 29 ноември 2023 година да заврши до 12 часот. 30 ноември 2023 година (четврток) се прогласува за неработен ден за сите вработени во државната и јавната администрација на подрачјето на Град Скопје. Заклучоците се однесуваат и на основните и средните училишта на подрачјето на Град Скопје.<br>4. По последната точка споделени се следните информации:<br>- ќе се спровере едукација и обука за прва помош за учениците од VIII и IX одделение<br>- ќе се спроведат работилници за безбедност со учениците од VII и VIII одделение<br>- директорката истакна секој одделенски раководител да апелира во својата паралелка да се донираат лектирите по договор според Наставната програма<br>- во декември ќе се реализира акција за собирање храна, неопходни средства за хигиена и ќе се донираат на социјално загрозени семејства од нашето училиште |
| 29.12. 2023 | 1. Информации за план на активности за време на полугодишниот зимски распуст во учебната 2023/2024 година;<br>2. Предлози, мислења, сугестии. | Директор<br>Пом. Директор<br>Психолог<br>Специјален едукатор и рехабилитатор<br>Наставници<br>Претседатели на стручни активи | 1. Директорката даде информации за активностите за време на полугодишниот зимски распуст во учебната 2023/2024 година. Зимскиот одмор за учениците започнува на 30.12.2023 година и завршува на 19.01.2023 година. Наставата во второто полугодие ќе започне на 22.01.2023 година (понеделник). За време на зимскиот одмор вработените во училиштето користат платени неработни денови од 02.01. – 12.01.2024 година. Одделенските совети ќе се одржат на 15.01 и 17.01.2024, а Наставничкиот совет на 18.01.2024 година.<br>2. По втората точка директорката истакна:<br>• Благодарност до родителите Николови од IX одделение за донацијата на 42 новогодишни пакетчиња кои беа доделени на учениците од III одделение.<br>• Хуманитарната акција за собирање на прехрамбени производи за социјално загрозени семејства беше успешно реализирана и пакетите беа поделени на семејствата кои имаат потреба од тоа.<br>• Во училиштето имаше донација од Издавачката куќа „Литература“ и беа доделени книги од сума 12.600 денари за збогадување на училишната библиотека.<br>• Директорката им посака Среќна Нова година и среќни празници на сите вработени во училиштето. |
| 18.01. 2024 | 1. Реализација на наставен план и програма<br>2. Активности за еколошка едукација и подобрување на состојбата на животната средина<br>3. Утврдување на успех, редовност и поведение на учениците во првото полугодие од учебната 2023/2024 година | Директор<br>Пом. Директор<br>Психолог<br>Специјален едукатор и рехабилитатор<br>Наставници<br>Претседатели на стручни активи | Од анализа на излагањето на одделенските и предметни наставници на одделенските совети, Наставничкиот совет изведе заклучок дека Наставниот план и Наставната програма се навремено реализирани согласно Годишни и тематски планирања на наставниот кадар и Годишната програма за работа на училиштето во учебна 2023/2024 година.<br>• Директорката на училиштето истакна дека во текот на првото полугодие од учебната 2023-2024 година успешно се реализираа повеќе активности за еколошка едукација и подобрување на состојбата на животната средина во кои беа вклучени учениците од I до IX одделение. Беше извршено садење на садници |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | 4. Прогласување најдобри поединци и прапралелки<br>5. Реализација на програма за работа со талентирани и надарени ученици и Програма за работа со ученици кои потешко напредуваат.<br>6. Извештај за реализација на училишните активности и проекти (МИО, реализација на квизови, истражувања, дебати, активности за унапредување на демократската клима, училишни проекти)<br>7. Извештај од Стручно советодавно тело за подобрување на квалитетот на наставата<br>8. Ивештај од Инклузивниот тим за успех, напредок и социјализација на учениците со посебни образовни потреби<br>9. Предлози, мислења, сугестии | | донирани од општина Ѓорче Петров и садници кои беа планирани и реализирани со проектот „Соработка за зелена идина“ – Еразмус.<br>• Истакнат е успехот, редовност и поведение на учениците во прво полугодие од учебна 2023/2024 година.<br>• Прогласени се најдобри поединци и паралелки<br>• Програмата за работа со талентирани, надарени ученици и ученици кои потешко напредуваат е навремено реализирана.<br>• Презентиран е извештај за реализација на активности и проекти<br>• Стручното тело даде извештај за подобрување на квалитетот на наставата<br>• Инклузивниот тим даде извештај за успехот, напредокот и социјализацијата на учениците со посебни образовни потреби<br>• Општина Ѓорче Петров оствари соработка со „Макпетрол“ и учествуваше во проектот „Крени глас против врсничко насилство“ |
| 30.01. 2024 | 1. Нацрт извештај од извршена интегрална евалуација<br>2. Предлози, мислења и сугестии | Директор<br>Пом. Директор<br>Психолог<br>Специјален едукатор и рехабилитатор<br>Наставници<br>Претседатели на стручни активи | • Директорката даде извештај за писмен извештај во форма на нацрт од интегрална евалуација на нашето училиште. Беа истакната јаките и слабите страни |
| 21.02. 2024 | 1. Предлог тим за изготвување на Самоевалуација за период од 2024 - 2026 година;<br>2. Формирање тим за изготвување на Годишен извештај за учебна 2023 - 2024 | Директор<br>Пом. Директор<br>Психолог<br>Специјален едукатор и рехабилитатор | • Даден е предлог тим за изготвување на Самоевалуацијата за период од 2024-2026 година.<br>• Формиран е тим за изготвување на Годишен извештај за учебна 2023-2024 година<br>• Формиран е тим за изготвување на Годишна програма за учебна 2024-2025 година<br>• Училиштето се подготвува за училишниот патронат<br>• Успешно е реализиран проект за развој и напредување на |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | година;<br>3. Формирање тим за изготвување на Годишна програма за учебна 2024 - 2025 година;<br>4. Подготовки за училишниот патронат;<br>5. Реализација на проект за развој и унапредување на мултикултурализам/интеркултурализам и МИО;<br>6. Предлози, мислења и сугестии. | Наставници<br>Претседатели на стручни активи | мултикултурализам/интеркултурализам и МИО.<br>• Козметички салон во Волково понуди бесплатна шминка и фризура за 4 ученички |
| 13.03. 2024 | 1. Предлог на Наставнички совет за полагање на приправнички испит за стручен соработник – библиотекар;<br>2. Извештај од собрани средства од хуманитарна акција;<br>3. Покана за обука – Унапредување на квалитетот на училиштата преку ревидирана рамка за оценување на квалитетот на училиштата, самоевалуација и развојно планирање.<br>4. Консултации од направени увиди за дневни подготовки на наставниот кадар;<br>5. Анкета за потребите на наставниот кадар за ИКТ ресурси;<br>6. Анкета за потребни обуки на наставниот кадар за унапредување на планирањата на наставниците;<br>7. Презентирање на конечен извештај од спроведена интегрална евалуација во | Директор<br>Пом. Директор<br>Психолог<br>Специјален едукатор и рехабилитатор<br>Наставници<br>Претседатели на стручни активи | • Наставничкиот совет на училиштето го разгледа Извештајот на менторот за совладување на основните професионални компетенции на стручниот соработник библиотекар Босилка Симоноска Донева и неговата подготвеност за полагање стручен испит.<br>• Реализирана е хуманитарна акција „Донирај за Лео“ во период од 05.03.-12.03.2024 година. Собрани се 13690 денари и истите се уплатени на отворената жиро сметка за донација на ден 13.03.2024 година.<br>• На добиена покана од Министерството за образование и наука за Унапредување на квалитетот на училиштата преку ревидирана рамка за оценување на квалитетот на училиштата, самоевалуација и развојно планирање, ќе учествуваат двајца претставници од нашето училиште.<br>• Стручната служба и директорот реализираа увиди на дневните подготовки на наставниот кадар.<br>• Ќе биде спроведена анкета за потребите на наставниот кадар од ИКТ ресурси за време на часовите.<br>• Ќе биде спроведена анкета за потребни обуки на наставниот кадар за унапредување на планирањата во делот организација и реализација на часот.<br>• Направена е презентација на конечниот извештај од спроведена интегрална евалуација во период од 15-21.11.2024. Истакнати се силните и слабите страни. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | период од 15 - 21.11.2023 година. | | |
| 17.04. 2024 | 1. Реализација на Наставен план и програма во трето тримесечие од учебната 2023/2024 година;<br>2. Утврдување на успех, редовност и поведение на учениците во трето тримесечие од учебната 2023/2024 година;<br>3. Извештај од Инклузивниот тим за успех, напредок и социјализација на учениците со посебни образовни потреби;<br>4. Формирање комисии за упис на деца – ученици во прво одделение и упис на деца - ученици со надмината возраст во прво одделение во учебна 2024/2025 година;<br>5. Активности за еколошка едукација и подобрување на состојбата на животната средина<br>6. Назначување одделенски раководител во подрачното училиште;<br>7. Нови индикатори за квалитет на работата на училиштата и нов формат за следење наставен час;<br>8. Извештај од спроведена анкета за потребите на наставниците од ИКТ ресурси.<br>9. Извештај од спроведена анкета за потребни обуки на наставниот кадар за унапредување на планирањата на наставниците.<br>10. Предлози, мислења, сугестии. | Директор<br>Пом. Директор<br>Психолог<br>Специјален едукатор и рехабилитатор<br>Наставници<br>Претседатели на стручни активи | • Наставниот план и програма се навремено реализирани<br>• Презентиран е успехот, редовност и поведение на учениците<br>• Инклузивниот тим даде извештај за успехот, напредокот и социјализацијата на учениците со ПОП<br>• Формирани се комисии за упис на првачиња и ученици со надмината возраст во учебна 2024/2025 година<br>• Активностите за еколошка едукација и подобрување на животната средина се навремено реализирани<br>• Поради боледување на наставник назначен е одделенски раководител во подрачното училиште Никиштани<br>• Презентирани се новите индикатори за квалитет на работата на училиштата и нов формат за следење на наставниот час<br>• Беше презентирана спроведената анкета за потребите на наставниците од ИКТ ресурси<br>• Беше презентирана спроведената анкета за потребни обуки на наставниот кадар за унапредување на планирањата на наставниците<br>• Поради временски услови излетот кој требаше да се одржи на 23 април, се одложува и ќе се одржи на 23 мај во Сарај. |
| 17.06. 2024 | 1. Реализација на наставен план и програма; | Директор<br>Пом. Директор | • Наставниот план и програма се навремено реализирани за учениците од IX одделение |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | 2. Утврдување на успех, изостаноци и поведение на учениците на крај од учебна 2023-2024 година за учениците од IX одделение;<br>3. Напредок на учениците со посебни образовни потреби од IX одделение и постигнување на цели (согласно изготвен ИОП) во учебната 2023/2024 година;<br>4. Истакнување најдобри поединци и паралелки;<br>5. Промоција на ученик првенец од IX одделение и ученик првенец на генерација за учебна 2015 - 2024 година;<br>6. Предлози, мислења, сугестии. | Психолог<br>Специјален едукатор и рехабилитатор<br>Наставници<br>Претседатели на стручни активи | • Даден е извештај за утврдување на успех, изостаноци и поведение на учениците на крај од учебна 2023 - 2024 година за учениците од IX одделение<br>• Даден е извештај за напредокот на учениците со ПОП од IX одделение<br>• Истакнати се најдобрите поединци од секоја паралелка и најдобра паралелка<br>• Истакнат е ученик првенец од IX одделение и ученик првенец на генерација за учебна 2015 - 2024 година |
| 18.06. 2024 | 1. Реализација на наставен план и програма;<br>2. Утврдување на успех, изостаноци и поведение на учениците на крај од учебна 2023-2024 година;<br>3. Напредок на учениците со посебни образовни потреби и постигнување на цели (согласно изготвен ИОП) во учебната 2023/2024 година;<br>4. Истакнување најдобри поединци и паралелки;<br>5. Промоција на првенец на генерација за учебна 2023-2024 година;<br>6. Активности за еколошка едукација и подобрување на состојбата на животната средина<br>7. Извештај за реализирани работилници Образование за Животни вештини и МИО | Директор<br>Пом. Директор<br>Психолог<br>Специјален едукатор и рехабилитатор<br>Наставници<br>Претседатели на стручни активи | • Наставниот план и програма беа реализирано навремено за учениците I до VIII одделение<br>• Даден е извештај за утврдување на успех, изостаноци и поведение на учениците на крај од учебна 2023-2024 година за учениците од IX одделение<br>• Даден е извештај за напредокот на учениците со ПОП<br>• Истакнати се најдобрите поединци од секоја паралелка и најдобра паралелка<br>• Истакнат е ученик првенец и ученик првенец на генерација за учебна 2015-2024 година<br>• Сите активности за еколошка едукација и подобрување на животната средина се навремено реализирани<br>• Сите МИО активности се навремено реализирани<br>• Планирањата во програмата за талентирани и надарени ученици и Програмата за работа со ученици кои потешко напредуваат е навремено реализирана<br>• Комисијата за упис на првачиња даде извештај за бројот на запишани првачиња за учебна 2024/2025 година.<br>• Директорката даде информации за термини за доделување свидетелства за учениците од предметна настава и учениците од одделенска настава<br>• Библиотекарката даде детален извештај за враќањето на учебниците и предавањето на истите на парапелките на кои ќе им бидат потребни<br>• Тимот за изработка на Годишен извештај даде информации за изработка на Годишниот извештај |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | активности, реализација на активности за поттикнување на демократската клима во училиштето<br>8. Реализација на програма за работа со талентирани и надарени ученици и Програма за работа со ученици кои потешко напредуваат.<br>9. Извештај од комисијата за запишување ученици во I одд. за учебна 2024/2025 година<br>10. Информација за доделување на свидетелства<br>11. Избор на учебници за наредната учебна година и враќање на бесплатните учебници<br>12. Изготвување Годишен извештај на училиштето за учебната 2023/2024 година<br>13. Изготвување Годишна програма за работа на училиштето во учебната 2024/2025 година<br>14. Формирање Претседателство на стручни активи;<br>15. Донација на компјутери. | | • Тимот за изработка на Годишна програма даде информации за изработка на Годишната програма<br>• Формирано е Претседателство на стручни активи<br>• Нашето училиште во соработка со родител доби донација на компјутери од невладината организација „Донирај компјутер“. Донирани се 10 стари компјутери за централното училиште и 6 стари компјутери за подрачното училиште. |

# ПРИЛОГ 9. Годишен извештај за работа на стручни активи

## 9.1. Годишен извештај за работа на стручниот актив на одделенска настава за учебната 2023/2024 година – централно училиште

Претседател на стручен актив – Јованка Костовска

| Планирана програмска активност | Време на реализација | Реализатор | Извори/ресурси | Методи и постапки | Очекувани исходи |
|---|---|---|---|---|---|

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Организација на работата на активот и презентирање на програма за работа | Септември 2023 година | Одделенски наставници | Предлог годишна програма | Разговор | Запознавање со програма за работа и организација на работата |
| Македонски јазик – Обработка на приказна | 2.10.2023 | Јованка Костовска I$^{2}$ | Учебник, наставен лист, апликации, LCD - проектор | Разговор, текст, демонстративен метод | Ја разбира содржината на приказната, издвојува информации од приказната која ја слушнал по дадени насоки, умее да одговори на поставени прашања |
| Македонски јазик – Обработка на текст | 23.11.2023 | Сања Андевска II$^{1}$ | Учебник, наставен лист, апликации | Разговор, текст, демонстративен метод | Открива порака во текст, одговара на поставени прашања, опишува лик со неговите внатрешни и надворешни особини |
| Македонски јазик<br>Обработка на расказ | 20.12.2023 | Слаѓана Гавриловска III$^{1}$ | Учебник, Презентација, материјали за работа | Разговор, текст, демонстративен метод | Критичко мислење преку читање и анализирање текстови; реативност преку писмено изразување |
| Македонски јазик<br>Обработка на расказ | 13.11.2023 | Маја Тодоровска III$^{2}$ | Учебник, Презентација, материјали за работа | Разговор, текст, демонстративен метод | Критичко мислење преку читање и анализирање текстови; креативност преку писмено изразување |
| Математика - Дропки | 15.10.2023 | Валентина Панчевска IV$^{1}$ | Учебник, наставен лист, разговор, ИКТ | Разговор, демонстративен метод | Определува делови од форми и од број |
| Природни науки – Непотизам, мито и корупција | 19.09.2023 | Слаѓана Смилчевска IV$^{2}$ | Учебник, LCD - проектор | Метод на разговор, драмска игра, усна повратна информација | Учениците препознаваат непотизам, мито и корупција |
| Социјална инклузија на учениците со пречки во развој, ученици од социјално загрозени семејства и ученици од маргинализирани групи | Во учебна 2023/2024 година | Одделенски наставници од подрачно и централно училиште | PPT презентација | Работилница | Еднакво вклучување на учениците со пречки во развој, ученици од социјално загрозени семејства и ученици од маргинализирани групи |
| Унапредување на наставата за сите ученици, особено со учениците со пречки во физички, емоционален и интелектуален развој, талентирани ученици и ученици од маргинализирани групи | Во учебна 2023/2024 година | Одделенски наставници од подрачно и централно училиште | Презентација, разговор, истражување | Разговор | Создавање еднакви можности за сите ученици, особено за учениците со пречки во физичкиот, емоционалниот и интелектуалниот развој |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Изработка на критериумски тестови и нивна примена во објективно оценување | Октомври 2023 година | Одделенски наставници од централното и подрачното училиште | Стручни материјали, LCD презентации, записници | Разговор, работилници, презентација | Унапредување на оценувањето на знаењата на учениците |
| Еколошка едукација на учениците и поширокaта заедница за подобрување на состојбата на животната средина | Во учебна 2023/2024 година | Одделенски наставници од подрачно и централно училиште | PPT презентација, слики | Работилница, вежби, разговори | Развивање на еколошката свест |
| Споделување на добри наставни техники | Декември 2023 година | Одделенски наставници | Дневни подготовки, наставни листови, стручна литерат. | Разговор, практична работа | Размена на искуства |
| Употреба на дидактички материјали и асистивна технологија за унапредување на работата со учениците со попреченост | Во учебна 2023/2024 година | Одделенски наставници од подрачно и централно училиште | Нагледни средства | Дискусија | Подобрување на условите за работа |
| Унапредување на меѓуетничка соработка меѓу учениците, наставниците и родители од различни етнички групи | Во учебна 2023/2024 година | Одделенски наставници од подрачно и централно училиште | Размена на материјали | Разговор, дискусии | Размена на работни искуства |
| Македонски јазик<br>Обработка на лектира Гоце Делчев | 8.02.2024 | Маја Петковска $V^1$ | Лектира, наставни листови, табла | Разговор, илустративен метод, текст метода, дискусија, презентација | Умее да открие порака во литературното дело, умее да одговори на поставени прашања, опишува лик со неговите внатрешни и надворешни особини |
| Македонски јазик – Утврдување на буквите | 19.03.2024 | Катерина Петреска $I^1$ | Учебник, наставни листови, букви, апликации | Разговор, набљудување, демонстрирање | Препознава изучени букви, умее правилно да ги пишува и почнува со читање на кратки зборови и едноставни реченици |
| Англиски јазик – развивање на свесноста за други култури и земји преку традиционална, специфична кујна. Препознава различни видови јадења и ги поврзува со соодветната | 27.03.2024 | Марија Петреска | Учебник, флеш карти, работен лист | Практична работа, разговори, дискусии | Препознавање и употреба на различни видови јадења |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| култура. | | | | | |
| Македонски јазик – Обработка на голема буква | 12.04.2024 | Тања Анѓелкоска $V^2$ | Учебник, наставни листови, презентација | Разговор, објаснување, дискусија | Употреба на почетна голема и мала буква, правилно пишува голема почетна буква кај географски имиња во називи на народи и жители на држави и континенти, во називи на празници и учтиво обраќање |
| Природни науки – Извори на енергија (вода, сонце, ветер) | 18.03.2024 | Валентина Ивановска $II^2$ | Учебник, Презентација, матријали за работа | Разговор, дискусија, работилница, презентација, практични вежби | Рационално ја користи водата, знае дека е ресурс за добивање енергија, разбира за значењето на ветерот и сонцето како природни извори на енергија |

## 9.2. Годишен извештај за работа на стручниот актив општествена група предмети за учебната 2023/2024 година – централно училиште

Претседател на стручен актив – Маријана Дејкоска

| Реализирана програмска активност | Време на реализација | Реализатор | Извори / ресурси | Методи и постапки при реализација | Постигнати ефекти |
|---|---|---|---|---|---|
| Вечна љубов-анализа на песна | 02.11.2023 | Даниела Кимовска ученици од VIII одделение | учебник | Индивидуална | Учениците анализираат песна пронаоѓајќи стилски фигури |
| Претставување на формата и употребата на Past Simple Tense (правилни и неправилни глаголи) | 08.11.2023 | Маријана Дејкоска Ученици од VII одделение | Листови за работа, интернет | Решавање вежби зададени на наставен лист | Запознавање со Present Continuous Tense – потврдни, прашални и одречни реченици |
| Обработка на јазични функции – прераскажување урбана легенда | 23.11.2023 | Јасмина Стојановска, ученици од IX одделение | Интернет, дополнителен материјал | Читање, пишување | Подобрено усно раскажување |
| Полигон на усовршени елементи од партерна гимнастика, ритмика, греда и прескоци | 12.12.2023 | Силвана Миленковиќ Ученици од VIII одделение | Учебник, претходно стекнати знаења | Усна повратна информација, Дескриптивна скала на проценка | Изведбени гимнастички елементи |
| Поими поврзани со посетувани места (употреба на глаголот aller) | 05.04.2024 | Славица Тренкоска Ученици од VI одделение | Интернет, работни листови | Читање, пишување | Употреба на поими и изрази поврзани со посетувани места |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Придавки-поделба | 09.02.2024 | Слаѓана Новеска-Трајковска | Учебник, наставен лист | Усна повратна информација, практична изведба | Знаат што се придавки, го определуваат видот и ги пронаоѓаат во даден текст |
| Кресненско востание | 29.02.2024 | Ученици од VIII одд. Љупка Христова | Учебник, слики, цртежи, историска карта, интернет | Дискусија, истражување | Стекнување на знаење за најстариот период од македонската историја |
| Правата на детето | 22.01.2024 | Ученици од VIII одд. Љупка Христова | Учебник, додатна литература, картички | Дијалошки метод, дискусија | Стекнување на знаења и свест за детските права |
| Музичко сценски дела – опера (општо) | 13.02.2024 | Ученици од IX одд. Катица Георгиева | Учебник, интернет, знаења од општа култура | Наставни ливчиња, ученичко самооценување | Стекнување знаење за народни музички инструменти |
| Композиција | 23.04.2024 | Ученици од VII одд. Марија Ставреска | Учебник, литература, ученички творби, | Монолог, дијалог, презентација на ликовни творби, ИКТ | Запознавање со ликовното подрачје цртање и употреба на туш и перо |

## 9.3. Годишен извештај за работа на стручниот актив природна група предмети во учебната 2023/2024 година – централно училиште

Претседател на стручен актив – Гордана Костовска

| Р.б. | Цели | Содржина | Реализатор | Време | Ресурси | Постигнати ефекти |
|---|---|---|---|---|---|---|
Наставникот е обврзан да дојде во училиште најмалку 30 минути пред почетокот на училишниот час. Главниот дежурен наставник е обврзан да дојде во училиште најмалку 60 минути пред почетокот на наставата во таа смена.

**ЧЛЕН 15.**

Дежурниот наставник го извршува дежурството пред почетокот на смената и за време на одморите.

**ЧЛЕН 16.**

Дежурниот наставник:

- се грижи за одржувањето на редот и безбедноста во училишната зграда и училишниот двор;

- презема мерки во случај на нарушување на редот или загрозување на безбедноста;
- дава задачи на дежурните ученици и им помага во работата;
- заради извршување на своите задачи, соработува со директорот или неговиот заменик и други лица вработени во училиштето.

**ЧЛЕН 17.**

Дежурниот наставник го утврдува и евидентира присуството на наставниците, ја координира работа во смената (замена на отсутни наставници, распоред на часови и сл.) и работата на дежурните ученици, изготвува извештај за работата во смената.

**ЧЛЕН 18.**

Работникот за одржување на хигиената е обврзан пред и по извршувањето на своите обврски, да дежура во холот на училиштето или пред просториите во кои ја одржува хигиената. Во случај на отсуство неговите обврски ги презема друг работник согласно распоредот кој го утврдува директорот.

**ЧЛЕН 19.**

Ложачот и работниците за одржување на хигиена се обврзани да го известат дежурниот наставник, директорот, заменикот директор или секретарот за секоја промена која може да доведе до нарушување на редот и безбедноста во училиштето.

**ОДНЕСУВАЊЕ НА УЧЕНИЦИТЕ**

**ЧЛЕН 20.**

Учениците се обврзани:

- да се придржуваат на правилата за однесување во училишните простории, училишниот двор и на други места каде се изведува настава, како и на патот од домот до училиштето;
- да се придржуваат на одлуките на органите во училиштето;
- да постапуваат по наредбите на директорот или неговиот заменик и наставникот;
- за решавање на проблемите во односите со другите ученици, наставниците или родителите на учениците, да се обраќаат на дежурниот наставник;
- редовно да ја посетуваат наставата и уредно да ги извршуваат своите обврски;
- отсуството од настава да го оправдаат со лекарско или родителско оправдание во рок од пет дена по враќањето во училиште;
- да не доцнат на настава;
- совесно да работат на усвојување на знаења и вештини пропишани со училишната програма;
- да го следат сопствениот напредок и да ги известуваат за тоа наставниците и родителите;
- во постапката на оценување на знаењето да го користат само сопственото знаење без користење на недозволени средства;
- да не ја попречуваат наставата и да не го напуштаат часот без претходно одобрение од наставникот;
- пристојно да се однесуваат и да ги почитуваат другите ученици, наставниците и другите вработени во училиштето;
- да се облекуваат пристојно (да носат училишни униформи);
- да го чуваат имотот на училиштето;
- да се залагаат за чување на животната средина и да се однесуваат според правилата за еколошка етика;
- за време на воспитно-образовниот процес да ја почитуваат забраната за користење на мобилен телефон или други апарати со кои може да се попречи наставата;
- да не носат оружје или други средства со кои може да се загрози животот на учениците, наставниците, родителите итн;
- да не користат алкохол, цигари и наркотични средства;
- да не предизвикуваат и учествуваат во тепачки, национална, расна и верска нетрпеливост.

**ЧЛЕН 21.**

Учениците се обврзани да бидат во училиштето најмалку 10 минути пред почетокот на наставата.

**ЧЛЕН 22.**

За време на огласувањето на ѕвончето за почеток на часот, учениците треба да бидат во училница, а оние кои задоцниле не треба да се задржуваат во ходниците туку дежурниот ученик треба да ги спроведе до училница.

**ЧЛЕН 23.**

Дежурниот ученик е ослободен од настава на денот кога го извршува дежурството.

Дежурниот ученик:

- ги евидентира родителите на учениците или други лица кои влегуваат во училиштето така што ги запишува нивните податоци и целта на посетата;
- учениците кои доцнат на настава ги спроведува до училница;
- ѕвони за почеток и крај на часот;
- ги воочува сите промени кои можат да доведат до нарушување на редот и безбедноста во училиштето и ги известува вработените од техничкиот персонал и/или дежурниот наставник и/или директорот за истите.

За дежурен ученик не може да биде предложен ученик кој има несоодветно однесување.

**ОДНЕСУВАЊЕ НА РОДИТЕЛИТЕ НА УЧЕНИЦИТЕ И ТРЕТИ ЛИЦА**

**ЧЛЕН 24.**

Родителите на учениците и останатите посетители се должни да се пријават кај дежурниот ученик при влезот и да ги почитуваат правилата и другите општи акти на училиштето.

Родителите на учениците се исто така обврзани:

- навремено да ги оправдуваат изостаноците на своите деца;
- на повик на наставникот или стручните соработници навремено да дојдат во училиштето;
- редовно да ги плаќаат сметките за услугите кои ги користи ученикот (храна, печат и сл);
- редовно да присуствуваат на родителските средби и да го следат напредокот на своите деца;
- да учествуваат во работата на органите на училиштето.

# ПРИЛОГ 30. Годишен извештај за професионален и кариерен развој на воспитно - образовниот кадар

| Цели | Реализирана активност | Време на реализација | Реализатор | Постигнати резултати |
|---|---|---|---|---|
| Запознавање и мотивирање на наставниците | Запознавање на наставниците со Законот за наставници и стручни соработници и правилникот за професионален развој | Септември 2024 | Директор, Помошник директор, Стручна служба, Наставник-ментор | Поттикнати наставници за професионален напредок |
| Запознавање и мотивирање на наставниците | Поддршка на наставниците и | Цела учебна 2023/2024 | Директор, | Мотивирани |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | стручните соработници | година | Помошник директор, Стручна служба, Наставник-ментор | наставниции стручни соработници за напредување |
| Соработка меѓу сите структури во училиштето | Поттикнување на наставниците и стручните соработници за кариерен развој и овозможување услови за реализација на предвидените активности | Цела учебна 2023/2024 година | Директор, Помошник директор, Стручна служба, Наставник-ментор | Зголемена соработка меѓу раководниот орган, поголема ангажираност од страна на наставниците и стручните соработници |
| Имплементирање на нови наставни програми според новата Концепција за основно образование и активна настава | Посета, анализа и евалуација на наставни часови и воннаставни активности. | Октомври 2023 до Јуни 2023 | Директор, Помошник директор, Стручна служба, Наставник-ментор | Следење на имплементација на нова наставна програма, Концепција за основно образование и активна настава, Утврдување на јаки страни и надминување на слабостите на наставникот |
| Осовременување на воспитно образовната работа | Обезбедување на соодветна стручна литература, дидактички материјали и технологија, за стручно усовршување на наставниците и стручната служба | Цела учебна 2023/2024 година | Директор, Помошник директор, Секретар | Поефикасна настава прилагодена на потребните и интересите на учениците. Подобри постигнувања на учениците. |
| Стратегии, методи и техники за работа со надарени ученици | Присуство на обука – Силвана Миленковиќ | 17.08.2023 | БРО | Професионален и кариерен развој |
| Развој на социјалните вештини и самодоверба кај учениците, справување со проблематично однесување и создавање на позитивна | Присуство на обука – Гордана Несторовска | 24.08.2023 | Тетовски Универзитет | Професионален и кариерен развој |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| социоемоционална клима на час | | | | |
| Настава за развивање на критичко размислување кај учениците | Присуство на обука - Соња Лазороска, Борјанка Стојчевска, Славица Тренкоска, Кире Николоски, Слаѓана Н. Трајковска | 24.08 – 25.08.2023 | БРО | Професионален и кариерен развој |
| Намалување на врсничко насилство и кибернасилство | Присуство на обука – Анѓелески Игор и Костовска Гордана | 20.08.2023 | БРО | Професионален и кариерен развој |
| Подобрување на наставата | Присуство на обука – Валентина Панчевска | 30.08.2023 | БРО | Професионален и кариерен развој |
| Поддршка на семејства со деца под ризик | Присуство на обука – Гордана Несторовска | 18.09, 22.09, 23.09, 24.09.2023 | УНИЦЕФ | Професионален и кариерен развој |
| Спречување и заштита од насилство во училиштата | Присуство на обука – Гордана Несторовска | 11.12.2023 | | Професионален и кариерен развој |
| Зајакнување на младинската работа | Присуство на обука – Симона Лекоска и Кире Николоски | 15.12.2023 | Коалиција на младински организации СЕГА | Професионален и кариерен развој |
| Панел дискусиоја „Како до училиште без насилство“ | Присуство на обука – Симона Лекоска | 19.12.2023 | Коалиција на младински организации СЕГА | Професионален и кариерен развој |
| „Користење на дигитални учебници“ | Присуство на обука – наставници од IV, V и VI одд. по природни науки, математика, историја и општество, македонски јазик и албански јазик | 01.02.2024 | МОН | Професионален и кариерен развој |
| „Медиумска писменост“ | Присуство на обука - одделенски и предметни наставници по македонски јазик | 19.02. - 20.02.2024 | БРО - Емилија Вељановска - советник за одд, настава | Професионален и кариерен развој |
| Завршна конференција на Еразмус проектот „Неформални партиципативни простори за училишно инклузивно учење“ | Присуство на конференција Симона Лекоска | 28.02.2024 | ОУРЦ „Д-р Златан Сремац“ | Професионален и кариерен развој |
| Унапредување на квалитетот на работата на училиштата преку ревидирана рамка за оценување на квалитетот на училиштата. Самоевалуација и развојно планирање | Присуство на обука – Елеонора Трајковска – директор Гордана Несторовска – психолог | 25.03. – 26.03.2024 | МОН, БРО, ДПИ | Професионален и кариерен развој |
| „Медиумска писменост“- консултативна онлајн средба | Присуство на онлајн средба - одделенски и предметни | 04.04.2024 | БРО - Емилија Вељановска - | Професионален и кариерен развој, |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | наставници по македонски јазик | | советник за одд. настава | дискусија, придобивки од обуката и нејзини недостатоци, согледување на потребите на наставниците, споделување на добри практики |
| Унапредување на менталното здравје и добросостојбата на адолесцентите | Присуство на обука – Гордана Несторовска | 22.04. – 25.04.2024 | БРО и УНИЦЕФ | Професионален и кариерен развој |
| Обука за наставни програми по Историја и општество за модул Географија за седмо одделение по нова Концепција | Присуство на обука – Кире Николоски | 26.06.2024 | БРО | Професионален и кариерен развој |
| Справување со врсничкото насилство и кибернасилство | Присуство на обука– Валентина Панчевска, Даница Павчевиќ, Елеонора Трајковска, Јованка Костовска, Катерина Петреска, Маја Тодоровска, Маја Петковска, Марија Петреска, Сања Андевска, Силвана Миленковиќ, Слаѓана Гаврилоска, Слаѓана Смилчевска, Тања Анѓелкоска, Татјана Вељановски | 01.07.2024 | БРО | Професионален и кариерен развој |
| Обука за наставни програми по Македонски јазик за шесто и седмо одделение по нова Концепција | Присуство на обука – Слаѓана Н. Трајковска, Даниела Кимовска | 03.07.2024 | БРО | Професионален и кариерен развој |
| Обука за наставни програми по Физичко и здравствено образование за седмо одделение по нова Концепција | Присуство на обука – Силвана Миленковиќ, Татјана Вељановски, Игор Анѓелески | 03.07.2024 | БРО | Професионален и кариерен развој |
| Обука за наставни програми по Ликовно образование за седмо одделение по нова Концепција | Присуство на обука – Марија Ставреска | 03.07.2024 | БРО | Професионален и кариерен развој |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Професионален развој и кариерно советување на учениците (менторирање, следење, пристапи за детекција на афинитети и интереси, мотивација и развој и слично) | Присуство на обука - Ана Настова, Борјанка Стојчевска, Гордана Костовска, Даниела Кимовска, Јасмина Стојановска, Катица Георгиева, Кире Николоски, Љупка Христова, Маријана Дејкоска, Славица Тренкоска, Слаѓана Н. Трајковска, Соња Лазороска, Марија Ставреска | 08.07.2024 | БРО | Професионален и кариерен развој |

# ПРИЛОГ 31. Годишен извештај за соработка на основното училиште со родителите, старателите

| Централно училиште | | | |
|---|---|---|---|
| **Реализирана активност** | **Учесници** | **Време на реализација** | **Постигнати ефекти** |
| Општа родителска средба | Родители наставници | 05.09 - 06.09.2023 | Запознавање со наставниот план и програма за тековната 2023/2024 година |
| Родителска средба | Родители наставници | 31.10.2023 | Информираност за претстојните дводневна и тродневна екскурзија за VI и IX одделение |
| Родителска средба од I - V одд. | Родители наставници | 14.11.2023 | Реализација на наставната програма за првото тримесечје во учебната 2023/2024 година; Извештај за успех, редовност и поведение на учениците во првото тримесечје; |
| Општа родителска средба од VI - IX одд. | Родители наставници | 20.11.2023 | Реализација на наставната програма за првото тримесечје во учебната 2023/2024 година; Извештај за успех, редовност и поведение на учениците во првото тримесечие; |
| Отворен ден за родителите од I до V одд. | Родители наставници | 21.11.2023 | Информираност за успехот, поведението и дисциплината на учениците |
| Отворен ден за родителите од VI до IX одд. | Родители наставници | 27.11.2023 | Информираност за успехот, поведението и дисциплината на учениците |
| Отворен ден за родителите од VI до IX одд. | Родители наставници | 21.12.2023 | Информираност за успехот, поведението и дисциплината на учениците |
| Отворен ден за родителите од I до V одд. | Родители наставници | 22.12.2023 | Информираност за успехот, поведението и дисциплината на учениците |
| Работилница - „Читање мапа“ со ученици од VI одделение | Родител Ивица Михајловски | 05.03.2024 | Учениците научија: да се ориентираат во простор со помош на страните на светот, компас и со мовта на дрвјата и да одредуваат растојание на мапа од едно до друго место |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | Слаѓана Н. Трајковска | | |
| Родителска средба за родителите од VI - IX одд. | Родители наставници | 17.04.2024 | Реализација на наставната програма за третото тримесечје во учебната 2023/2024 година; Извештај за успех, редовност и поведение на учениците во третото тримесечје; |
| Отворен ден за родителите од VI до IX одд. | Родители наставници | 17.04.2024 | Информираност за успехот, поведението и дисциплината на учениците |
| Родителска средба за родителите од I - V одд. | Родители наставници | 22.04.2024 | Реализација на наставната програма за третото тримесечје во учебната 2023/2024 година; Извештај за успех, редовност и поведение на учениците во третото тримесечје; |
| Отворен ден за родителите од I - V одд. | Родители наставници | 22.04.2024 | Информираност за успехот, поведението и дисциплината на учениците |
| Отворен ден за родителите од VI до IX одд. | Родители наставници | 21.05.2024 | Информираност за успехот, поведението и дисциплината на учениците |
| Отворен ден за родителите од I - V одд. | Родители наставници | 22.05.2024 | Информираност за успехот, поведението и дисциплината на учениците |
| Родителска средба за родителите од I - V одд. | Родители наставници | 24.06.2024 | Информираност за успехот, поведението и дисциплината на учениците |

| **Подрачно училиште** | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Реализирани активност** | **Време** | **Реализатор** | **Извори/ресурси** | **Методи и постапки за реализација** | **Постигнати ефекти** |
| Општа родителска средба за учениците од VI до IX одд. | 07.09.2023 | Одделенски раководители од VI до IX одд. | Дневен ред за средбата, наставни планови и програми | Дискусија, Консултации, Презентација. | Создавање услови за спешна реализација на наставата и воннаставните активности |
| Општа родителска средба за учениците од I од V одд. | 07.09.2023 | Одделенски раководители од I до V одд. | Дневен ред за средбата, наставни планови и програми | Дискусија , Консултации, Презентација. | Создавање услови за успешна реализација на наставата и воннаставните активности |
| Отворен ден за родители на учениците од I до IX одд. | 02.10.2023 | Одделенски раководители од I до IX одд. | Е дневник | Разговор Советување Насоки за работа | Подобрување на успех и постигнувања на учениците, поголема редовност на настава и воннаставни активности |
| Општа родителска средба од I - IX одд. Реализација на наставен план и програма, извештај за успех, редовност и поведение на учениците | 14.11.2023. | Одделенски раководители од I до IX одд. | Дневен ред за средбата, е-дневник, статистички анализи | Дискусија, Консултации, Презентација. | Подобрување на успехот, поведението, дисциплината, реализација на планираните активности за поддршка на |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| во првото тримесечје | | | | | ученикот |
| Работилници со Совет на родители: Унапредување на ментално здравје и добросостојба на учениците | ноември - декември 2023 | Стручна служба Совет на родители | Записници од работилницата ППТ | Психолошка работилница, Дискусија, Вежби. | Психоедукација на родителите за унапредување на менталното здравје на децата |
| Отворен ден за родителите од I до IX одд. | 27.12.2023 | Одделенски раководители од I до IX одд. | Е дневник | Разговор Советување Насоки за работа | Подобрување на успех и постигнувања на учениците, поголема редовност на настава и воннаставни активности |
| Општа родителска средба за учениците од I до IX одд.: Реализација на наставната програма, извештај за успех, редовност и поведение на учениците во првото полугодие | 26.01.2024 | Одделенски раководители од. VI до IX одд. родители | Дневен ред за состанокот, е-дневник, статистички анализи | Дискусија, Консултации, Презентација. | Подобрување на успехот, поведението, дисциплината, реализација на планираните активности за поддршка на ученикот |
| Отворен ден за родителите од I до IX одд. | 29.04.2024 | Одделенски раководители од. VI до IX одд. | Е дневник | Разговор Советување Насоки за работа | Подобрување на успех и постигнувања на учениците, поголема редовност на настава и воннаставни активности |
| Работилница со ученици и родители Насилство врз децата, препознавање и превентива (проектот чекор по чекор) | 22.04.2024<br>29.05.2024 | Одделенски раководители, ученици, родители | Материјали за работа | Работинлици | Препознавање и спречување на насилство врз децата. |
| Работилници со Совет на родители и ученици<br>Сајбер - безбедност за родители и ученици | 29.05.2024<br><br>30.05.2024 | Стручна служба Совет на родители и ученици | Записници од работилницата | Психолошка работилница, Дискусија, Вежби. | Едукација на родителите за унапредување на Сајбер-безбедност за родители и ученици |

## 31.1 Годишен извештај за едукација на родителите / старателите

| Реализирана активност | Форма | Реализатор | Време | Постигнати ефекти |
|---|---|---|---|---|
| Правила на однесување и одржување на хигиена во училница и училишен двор | Родителски средби - разговори | Совет на родители Одделенски раководители | Септември 2023 | Запознавање на родителите со Кодекс на однесување на ученици, родители и вработени. |
| Психоедукација на родители вкучени во програма за советување на родители на ученици со несоодветно однесување, намален училишен успех и неоправдано | Советодавна средба индивидуална или групна, Индивидуална работа Групна работа | Психолог, Одделенски раководители | Септември 2023 – Јуни 2024 | Усовршување на родителските вештини на советуваните родители. Успешна поддршка на ученици со несоодветно однесување, намален училишен успех и |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| изостанување од настава. | | | | неоправдано изостанување од настава. |
| Анализи на успех, редовност и поведение на учениците | Родителски средби Седница на Совет на родители | Одделенски раководители Совет на родители Стручна служба | Септември 2023 – Јуни 2024 | Информирање на родителите за успех, редовност и поведение на учениците. Предлог мерки за подобрување на дисциплина |
| Поддршка на родителите во справување со проблеми со дисциплина, ментално здравје, поведение и напредок на нивните деца | Индивидуални средби Разговор, Консултација | Стручна служба Одделенски раководители | Септември 2023 – Јуни 2024 | Поддршка на родителите во надминување на проблеми со нивните деца. |
| Совети за родителите како да му помогнат на своето дете да ја надмине вознемиреноста по трагичен настан на малолетно дете | Разговори, упатство, напис на фејсбук страна на училиштето | Психолог Совет на родители | Декември 2023 | Поддршка на родителите во смирување на вознемиреноста на нивните деца по убиство на малолетно дете во Скопје |
| Со правилна исхрана до подобро здравје | Предавање, совети, разговори, дискусија | Одделенски раководители Стручна служба | 22.04.2024 | Поддршка на родителите во грижа за унапредување на физичкото здравје на нивните деца |
| Заштита на децата при поплава, пожар, земјотрес и верижен судир на автопат – брз и безбеден начин за заштита и спасување на децата при елементарни непогоди и природни катастрофи | Работилница „Заштита на децата при елементарни непогоди и природни катастрофи“, дискусија, вежби | Валентина Ивановска родители од $II^2$ одд. | 22.04.2024 | Запознавање на родителите со бори и безбедни начини на заштита и спасување на децата при елементарни непогоди и природни катастрофи |
| „Како до подобра добросостојба на децата (wellbeing)“ – психоедукација на родители | Индивидуални совети и разговор со родителите | Психолог Одделенски раководители | 21.05.2024 22.05.2024 | Психоедукација на родителите за нови вештини кои ќе помогнат за подобрување на добросостојбата на нивните деца. |
| Информација за реализирани активности од програма за професионална ориентација на учениците | Презентација на резултати од зададени инструменти, разговор, советување, насоки за избор на идна професија | Одделенски раководители Психолог Специјален едукатор и рехабилитатор | 27.05.2024 до 18.06.2024 | Поддршка на родителите и учениците за правилен избор на идна професија на ученикот и избор на серно училиште согласно желните, способностите и интересите на ученикот и постигнатиот училишен успех. |
| Анализи на успех, редовност и поведение на учениците на крај од учебната 2023/2024 година | Презентација на статистички анализи и дискусија | Совет на родители Одд. раководители Стручна служба | 10.07.2024 | Предлог мерки за подобрување на на успех, редосност и поведение на учениците во наредната учебна година |

## ПРИЛОГ 32. Годишен извештај за соработка со Општина Ѓорче Петров и локалната заедница

| Реализирана активност | Време на реализација | Реализатор | Форми на работа | Постигнати ефекти |
|---|---|---|---|---|
| Увид во подготвеност на училиштето за почеток на учебната 2023/2024 година | 1.09.2023 | Комисија за образование | Посети на училиштето, разговори, советувања, увид во хигиената и техничката подготвеност | Подобрување на условите и работата на училиштето |
| Грижа за безбедноста и опремата на училиштето | Цела учебна 2023/2024 година | Претставници од Општина Ѓорче Петров, Градоначалник на Општина Ѓорче Петров | Ангажирање агенција за обезбедување | Зголемена безбедност на училиштето и училишната опрема |
| Грижа за безбедноста на учениците при патувањето до училиште | 1.09.2023 - 17.06.2024 | Претставници на Училишен одбор, Јавно сообраќајно претпријатие Скопје | Помош во организирање на автобуски превоз за учениците | Зголемена безбедност на учениците при патување со училишниот автобус |
| Учество во работата на Училишен одбор | Цела учебна 2023/2024 година | Претставници на Училишен одбор | Седници на Училишен одбор, посети, разговори | Поддршка и помош во работата на училиштето |
| Поддршка на активностите на училиштето и реализација на годишната програма на училиштето | Цела учебна 2023/2024 година | Градоначалник на Општина Ѓорче Петров,<br>Комисија за образование,<br>Советник за спорт и физичка култура | Посети на училиштето, увид во работата, помош во реализација на проекти | Унапредување на работата на училиштето |
| Општински конкурс за ликовни и литературни творби | Цела учебна 2023/2024 година | Ученици од VI до IX одделение, Одговорни наставници | Учество на ученици со свои ликовни и литературни творби | Поттикнување на љубов кон уметноста |
| Едукативна работилница за заштита од користење на пиротехнички средства | 07.12.2023 | Полициски службеник од полициска станица Ѓорче Петров<br>Ученици од VII и VIII одделение | Презентација<br>Дискусија со учениците | Учениците се едуцираа за последиците и заштитата од користење на пиротехнички средства |
| Учество во акција „Нови садници за позелена иднина“ | 13.12.2023 | Општина Ѓорче Петров<br>Ученици од VI до IX одделение<br>Одговорен наставник Ана Настова | Садење садници | Зголемување на свеста кај учениците за важноста од засадување садници за здрава животна средина |
| Првенција од злоупотреби на дрога, алкохол, обложување, интернет | 15.12.2023 | Полициски службеник од полициска станица Ѓорче Петров<br>Ученици од VII и VIII одделение | Презентација<br>Дискусија со учениците | Учениците се едуцираа за последиците од употреба на алкохол, дрога, обложување |
| Учество на трибина „Превенирање на насилното однесување меѓу децата и учениците“ | 15.12.2023 | Општина Ѓорче Петров<br>Ана Фрицханд – Д-р по психолошки науки<br>Иван Анастасовски – Д-р на науки од областа на кинезиологијата и социологијата на спортот<br>Елеонора Трајковска - директор<br>Даниела Кимовска – предметен наставник<br>Стручна служба на училиштето | Презентација<br>Дискусија<br>Размена на искуства | Надградување на знаењата од мултидисциплинарно аспектираната област на насилството во училиштата |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Учество на трибина за важноста на вакцинацијата | 21.12.2023 | Ленче Нелоска<br>Кире Николоски<br>Гордана Несторовска | Презентација<br>Дискусија | Одржување на здравјето и имунизација на учениците |
| Едукативна работилница „Семејно насилство“ | 21.02.2024 | Полициски службеник од полициска станица Ѓорче Петров<br>Ученици од VII и VIII одделение | Презентација<br>Дискусија со учениците | Информирање, зголемување на свеста кај учениците и препознавање на семејно насилство |
| Едукативна работилница „Трговија со деца“ | 29.02.2024 | Полициски службеник од полициска станица Ѓорче Петров<br>Ученици од VII и VIII одделение | Презентација<br>Дискусија со учениците | Информирање на учениците за трговија со луѓе каде што младата популација е најчеста жртва |
| Едукативна работилница „Насилство преку социјалните мрежи“ | 28.03.2024 | Полициски службеник од полициска станица Ѓорче Петров<br>Ученици од VIII одделение | Презентација<br>Дискусија со учениците | Информирање, зголемување на свеста кај учениците и препознавање на сајбер насилство |
| Одбележување на Ден на шегата и учество во избор на најдобра еколошка маска во реонски парк Ѓорче Петров | 01.04.2024 | Ученици од I до V одделение, одговорни наставници | Учество на ученици со креативни еколошки маски | Поттикнување на креативноста и натпреварувачкиот дух |
| Промотивна манифестација за проектот ЦБЦ Еквилајзер за пол и возраст на работните места | 25.04.2024 | Стручна служба и наставници | Презентација | Информирање за проектот |
| Активности со општина – проект „Поддршка за активирање на заедниците и подигање на јавната свест за активности во врска со менталното здравје на деца и млади спроведен од НВО БИОМ со поддршка на канцеларијата на СЗО во Скопје | 20.05.2024 | Стручна служба | Презентација | Информирање за проектот |
| Одбележување на Денот на сесловенските просветители „Свети Кирил и Методиј“ | 21.05.2024 | Општина Ѓорче Петров<br>Ученици од ООУ „Мирче Ацев“<br>Даниела Кимовска; Слаѓана Н. Трајковска | Изведено драмско дело „Бегалка“ од Васил Иљоски | Поттикнување на љубов кон драмската уметност |

## 32.1 Соработка со здравствени организации

| Реализацирана активност | Време на реализација | Реализатор | цел | Постигнати ефекти |
|---|---|---|---|---|
| Стоматолошки преглед за ученици од I – IX одделение | Цела учебна 2023/2024 година | Поликлиника „Ѓорче Петров“ | Редовен преглед | Одржување на здравјето на учениците |
| Редовна вакцинација за ученици од I – IX одделение | Цела учебна 2023/2024 година | Поликлиника „Ѓорче Петров“ | Редовен преглед | Одржување на здравјето на учениците |
| Систематски преглед за ученици од I – IX одделение | Цела учебна 2023/2024 година | Поликлиника „Ѓорче Петров“ | Редовен преглед | Одржување на здравјето на учениците |

## 32.2 Соработка со невладини организации

| Планирана програмска активност | Време на реализација | Реализатор | Активности | Постигнати ефекти |
|---|---|---|---|---|
| Донација на пакетчиња од НВО „АДРА“ | 28.12.2023 | Ученици од II одд | Донација на пакетчиња | Донирани пакетчиња |

## 32.3 Соработка од областа на спортот

| Реализирана активност | Време | Реализатор | Активности | Постигнати исходи и ефекти |
|---|---|---|---|---|
| Општински училишен спорт Ѓорче Петров | 01.11 – 29.11.2023 | Ученици од VI до IX одделение, Наставници по физичко и здравствено образование: Силвана Миленковиќ, Игор Анѓелески и Татјана Вељановски | Училишни и општински натпревари, промовирање на училишниот спорт | Достојно и успешно претставување и постигнување на поголеми резултати при учеството на училишните и општинските натпревари |

## 32.4 Соработка со институции од областа на образованието и културата

| Реализирана активност | Време | Реализатор | Активности | Постигнати ефекти |
|---|---|---|---|---|
| Соработка со ДПИ, МОН и БРО | Цела учебна 2023/2024 година | Ученици, Вработени, Родители | Нови наставни програми, тековни активности / соработка | Подобрување на квалитетот на наставата |
| Соработка со ДИЦ | 21.05.2024 | Ученици од V одделение, координатор – Марија Петреска, Заменик координатор – Валентина Панчевска, Одговорни наставници: Тања Анѓелкоска, Кире Николоски, Џелал Исаки | ТИМСС - интернационално тестирање 2023 | Анализа на постигањата на учениците во споредба со минатата учебна година по предметите математика и природни науки |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Посета на Етнолошки музеј и Музеј на македонската борба за државност и самостојност | 14.03.2024 | Ученици од IV одделение, одговорни наставници: Валентина Панчевска, Слаѓана Смилчевска | Посета на институции и значајни објекти во центарот на градот | Продлабочување на знаењата за минатото и традицијата на македонскиот народ. |
| Посета на Театар за деца и младинци | 16.04.2024 | Ученици од I до III одд, наставници | Посета на значајни објекти во центарот на градот | Поттикнување на љубов и култура кон театарот |
| Посета на Природно-научен музеј | 27.05.2024 | Ученици од VIII одд, Ана Настова | Научна посета | Продлабочување на знаењата од областа на биологијата |

# ПРИЛОГ 33 Годишен извештај за грижа на здравјето на учениците

## Централно училиште

| Реализирана активност | Време на реализација | Реализатор | Со кого е реализирана | Постигнати ефекти |
|---|---|---|---|---|
| Организирање автобуски превоз за учениците од I до IX одделение | 09.2023-17.06.2024 | Директор<br>Секретар<br>Домаќин<br>ЈСП | Реализација на автобуски превоз за учениците во договор со ЈСП | Унапредена безбедноста на учениците при превоз во учиштето и назад |
| Организирање исхрана на учениците од I до IX одделение со ладен оброк – ужинка | 09.2022-17.06.2024 | Домаќин<br>Одделенски раководители<br>Совет на родители<br>Дистрибутер на ладен оброк – ужинка и топол оброк | Реализација на здрав оброк за учениците во договор со фирма за производство и дистрибуција на храна | Подобрување на општата психофизичка состојба на учениците<br>Формирање здрави навики за исхрана |
| Организирање исхрана на учениците од продолжен престој со топол оброк | 09.2023 – 06.2024 | | | |
| Осигурување на учениците | 01.10.2023 – 30.09.2024 | Домаќин<br>Одделенски раководители<br>Осигурителна компанија | Состаноци со Советот на родители<br>Седница на Училишен одбор | Надомест при евентуални повреди |
| Редовно одржување на хигиената на училниците, ходниците и училишниот двор | Цела учебна 2023/2024 година | Технички кадар,<br>Домаќин<br>Хаусмајстор | Ученици<br>Наставници<br>Вработени во училиштето | Одржување на хигиената во училиштето на високо ниво<br>Здравствена едукација на учениците |
| Редовни прегледи на личната хигиена на учениците | Цела учебна 2023/2024 година | Одделенски раководители | Реализација на редовните прегледи за лична хигиена на учениците | Подобрување на личната хигиена и здравјето на учениците |
| Стоматолошки преглед | 18.09 - 19.09.2023 | Поликлиника Ѓорче Петров | Ученици од $VII^{1}$ и $VII^{2}$ | Превенција од болести на заби, |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | 20.09 - 21.09.2023 | | одделение | учениците да имаат здрави заби, висока свест за орална хигиена, здрава исхрана, навика за редовна контрола на забите |
| Редовна ревакцинација со вакцината DTP и polio | 25.09.2023 | Поликлиника Ѓорче Петров | Ученици од II $^{1}$ и II$^{2}$ одд. | унапредување на здравјето е формирање на психички, социјално и физички здрава личност способна да се грижи за своето здравје и здравјето на другите во околината |
| DT и polio ревакцинација на учениците од IX одделение | 25.09.2023<br>26.09.2023 | Поликлиника Ѓорче Петров | Ученици од IX одделение | Одржување на здравјето и имунизација на учениците |
| Стоматолошки преглед | 16.10.2023 | Поликлиника Ѓорче Петров | Ученици VI$^{1}$ одделение | Извршен стоматолошки преглед |
| Стоматолошки преглед | 01.11.2023 | Поликлиника Ѓорче Петров | Ученици VI$^{2}$ одделение | Извршен стоматолошки преглед |
| Вакцинација со HPV вакцина на ученичките од VII одделение | 01.11 и 02.11.2023 | Поликлиника Ѓорче Петров | Ученички од VII одделение | Одржување на здравјето и имунизација на учениците |
| Работилници за унапредување на ментално, физичко, емоционално и социјално здравје на учениците | Цела учебна 2023/2024 година | Одделенски наставници<br>Стручна служба | Разговори и работилници со учениците за подобрување на здравјето | Подобрување на ментално, физичко, емоционално и социјално здравје на учениците |
| Стоматолошки преглед | 27.11.2023 | Поликлиника Ѓорче Петров | Ученици V$^{1}$ и V$^{2}$ одделение | Извршен стоматолошки преглед |
| Едукација за превенција од заразни болести | 09.2022-06.2024 | Наставници<br>Стручна служба<br>Директор<br>Помошник - директор | Разговор и едукација со учениците | Превенција на здравјето на ученици |
| Одбележување на Светски ден за борба против СИДА | 01.12.2023 | Раководители на паралелка<br>Стручна служба<br>Ученички парламент<br>Подмладок на ЦК | Ученици од VIII и IX одделение | Учениците да научат за опасности од незаштитени сексуални односи, разлика меѓу ХИВ / СИДА, опасности и превенција од ХИВ / СИДА, рушење на табуа за болните од СИДА |
| Превенција од СИДА<br>Сида пред тест | 22.11.2023 | Гордана Несторовска | со ученици од VII$^{2}$ одделение | Запознавање со 1$^{ви}$ декември. Информации за начини на |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Квиз: Сида – сечија грижа, ничија вина | 24.11.2023 | | со ученици од $IX^{1}$ одделение | превенција од Хив / Сида |
| | 27.11.2023 | | со ученици од $IX^{2}$ одделение | |
| | 01.12.2023 | | со ученици од $VIII^{1}$ и $VIII^{2}$ одделение | |
| Систематски преглед и вакцина МРП | 14.12.2023<br>15.12.2023 | Поликлиника Ѓорче Петров | Ученици $I^{1}$ и $I^{2}$ одделение | Извршен систематски преглед и примена вакцина МРП |
| Стоматолошки преглед во | 08.02.2024 | Поликлиника Ѓорче Петров | Ученици од IV одделение | Извршен стоматолошки преглед |
| Работилница IV – 3.1 Болести | 26.02.2024 | Одделенски раководители | Ученици од $VI^{1}$ и $VI^{2}$ одделение | Учениците да знаат како, каде и што може да биде ризик од некаква заразна болест |
| Работилница Размена на облека | 26.02.2024 | Одделенски раководители | Ученици од VII – IX одделение | Учениците да знаат како, каде и што може да биде ризик од некаква заразна болест |
| Систематски преглед и вакцина | 25.03.2024<br>26.03.2024 | Поликлиника Ѓорче Петров | Ученици $III^{1}$ и $III^{2}$ одделение | Извршен систематски преглед и примени заостанати вакцини |
| Систематски преглед и вакцина | 27.03.2024 | Поликлиника Ѓорче Петров | Ученици $VII^{1}$ и $VII^{2}$ одделение | Извршен систематски преглед и примени вакцини |
| Систематски преглед и вакцина | 28.03.2024 | Поликлиника Ѓорче Петров | Ученици $V^{1}$ и $V^{2}$ одделение | Извршен систематски преглед и примени вакцини |
| Стоматолошки преглед | 15.03.2024<br>16.03.2024 | Поликлиника Ѓорче Петров | Ученици $III^{1}$ и $III^{2}$ одделение | Извршен стоматолошки преглед |
| Стоматолошки преглед | 15.04.2024 | Поликлиника Ѓорче Петров | Ученици од II одделение | Извршен стоматолошки преглед |

## Подрачно училиште

| Задача | Активност | Временска рамка | Целна група | Начин на спроведување | Очекувани резултати | Одговорно лице |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Проверка на физичкото здравје на учениците | Систематски преглед | 01.09 - 01.12.2023<br>15.01.2024<br>18.03.2024<br>20.03.2024 | I, III, V, VII одд. | Поликлиника „Ѓорче Петров“ | Превенција од болести, учениците да имаат здрави навики на живеење, исхрана, да водат сметка за своето здравје согласно добиените упатства на прегледот | Одделенски раководители; стручна служба |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 21.03.2024 | | | | |
| Едукација за превенција од заразни болести | Предавање за правилни навики за грижа за здравјето и превенција од заразни болести | 10.2023 - 04.2024 год. | I, II, III, IV, V, VI, VIII одд. | Училница | Учениците да имаат здрави навики на живеење, хигиена на тело, раце, да водат сметка на хигиената на храната и правилна исхрана | Одделенски раководители; Стручна служба |
| Проверка на состојба на забите | Систематски преглед на заби | 15.09.2023 06.10.2023 17.11.2023 12.02.2024 28.03.2024 | I, II, III, IV, V, VI, VII одд. | Поликлиника „Ѓорче Петров“ стоматолошка ординација | Превенција од болести на заби, учениците да имаат здрави заби, висока свест за орална хигиена, здрава исхрана, навика за редовна контрола на забите | Одделенски раководители; Стручна служба |
| Едукација за здрава исхрана | Предавање за здрава храна | Октомври 2023-април 2024 год. | I – IX одд. | Училница (психолог, одделенски раководители) | Учениците да имаат здрави навики на исхрана, здрав живеот, да водат сметка на хигиената на храната, користење разновидна и здрава храна | Одделенски раководители; Стручна служба Наставници |
| Превенција од злоупотреба на дрога и алкохол | Работилници за опасности од употреба на дрога и алкохол | 09 .10.2023 | VIII одд. | Училница Психолог | Учениците да имаат знаења и висока свест за опасноста од злоупотреба на психотропни супстанци, штетноста од нивната злоупотреба | Раководители на паралелка Стручна служба Наставници |
| Учење за вируси, бактерии | Реферат – вируси и бактерии | октомври и ноември 2023 | I, III одд. | Училница Наставник по биологија | Учениците да имаат знаења за предизвикувачите на заразни, здрави навики на живеење, потреба за одржување редовна хигиена на тело, храна | Одделенски раководители; Стручна служба Наставници |
| Превенција од заразни болести | Вакцинација MRP Diteper и Polio HPV | 26.09.2023 02.11.2023 | II, VII, IX одд. | Поликлиника „Ѓорче Петров“ | Превенција од болести, унапредување на здравјето на учениците | Одделенски раководители; Стручна служба |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Одбележување на Светски ден за борба против СИДА | Работилници<br>Изработка на флаер<br>Презентација на флаер<br>Разговори | 01.12.2023 | VIII, IX одд. | Училница | Учениците да научат за опасности од незаштитени сексуални односи, разлика меѓу ХИВ/СИДА, опасности и превенција од ХИВ / СИДА, рушење на табуа за болните од СИДА | Раководители на паралелка<br>Стручна служба<br>Ученички парламент |
| Проверка на вошливост | Превенција од вошливост и болести кои се пренесуваат на тој начин | Октомври 2023<br>Ноември 2023<br>Февруари 2024 | I, II, III, IV, V одд. | Училница | Учениците да имаат здрави навики на живеење, да одржуваат редовна и правилна хигиена на тело и коса | Одделенски раководители;<br>Стручна служба<br>Наставници |
| Проширување на знаењата за превенција од болести | Предавање – како да се заштитиме од настинка и грип | 19.02.2024 | V, VI, VII одд. | Училница | Учениците да имаат висока свест за хигиена, здрава исхрана, хигиена на раце. Учениците да стекнат знаења како да се заштитат од грип и настинка | Раководители на паралелка |
| Едукација за денот на здравјето | Светски ден на здравјето-предавање | 08.04.2024 | I –IX одд. | Училница | Учениците да научат за Светскиот ден на здравјето, активностите на СЗО во Македонија и во светот | Раководители на паралелка<br>Стручна служба |

## ПРИЛОГ 34. Извештај за јавна и културна дејност

| Реализирана активност | Цели | Реализатор | Време на реализација | Постигнати ефекти |
|---|---|---|---|---|
| Приредба по повод почетокот на учебната година и почеток на образованието на првачињата | Свечен прием на првачињата во училишните редови | Маја Петковска<br>Тања Анѓелкоска<br>Ученици од V одделение | 1.09.2023 | Меѓусебно запознавање и прифаќање на учениците и наставниците |
| Поставување/истакнување правила за работа во училиштето и во училницата | Развивање на свеста дека без дефинирање на правила на однесување нема стимулативна атмосфера за работа | Одделенски и предметни наставници<br>Ученици од I до IX одделение | 04.09.2023 | Прифаќање на договорените правила, успешна работа на училиштето |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Читање реферат по повод 8ми Септември - Ден на независноста | Одбележување на Денот на независноста | Љупка Христова<br>Ученици од I до IX одделение | 7.09 2023 | Поттикнато чувство на национална гордост и припадност |
| Ликовна колонија по повод денот на општината Ѓорче Петров - Скопје | Изработки на творби на тема „Нашата традиција“ | Општина „Ѓорче Петров“<br>Марија Ставреска и ученици од VI - IX одд. | 19.09.2023 | Почитување на ликот и делото на Ѓорче Петров |
| Ликовна колонија по повод денот на општината Ѓорче Петров - Скопје | Изработки на творби на тема „Мојата општина Ѓорче Петров“ | Општина „Ѓорче Петров“<br>Марија Ставреска и ученици од VI - IX одд | 22.09.2023 | Почитување на ликот и делото на Ѓорче Петров |
| Активности по повод Денот на Општина Ѓорче Петров | Одбележување на Денот на Општина Ѓорче Петров | Одговорни наставници<br>Ученици од I-V одд. | 19.09 - 22.09.2023 | Поттикнати почит и љубов кон својата општина |
| Активности по повод Детска недела | Одбележување на Детска недела | Одделенски и предметни наставници<br>Ученици од I до IX одделение | 03.10 - 06.10.2023 | Развивиени позитивните навики |
| Прием на првачиња во детската организација | Одбележување на Детска недела | Маја Петковска<br>Тања Анѓелкоска<br>Валентина Панчевска<br>Слаѓана Смилчевска<br>Ученици од IV и V одделение | 03.10 - 06.10.2023 | Примена на правата и обврските на децата во секојдневното живеење |
| Читање реферат по повод 11 ти Октомври - Ден на востанието на РСМ | Одбележување на 11 ти Октомври - Ден на востанието на РСМ | Љупка Христова<br>Ученици од I до IX одделение | 10.10.2023 | Негување на историските настани |
| Положување цвеќе на споменикот на Ѓорче Петров | Одбележување на Денот на ослободување на Општина Ѓорче Петров | Елеонора Трајковска - директор | 14.11.2023 | Негување на историските настани |
| Читање на реферат за Денот на Македонската револуционерна | Одбележување на Денот на Македонската револуционерна | Љупка Христова<br>Ученици од I до IX | 20.10.2023 | Поттикнат патриотскиот дух |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| борба $23^{ти}$ Октомври | борба | одделение | | |
| Отворен ден по повод Граѓанско образование | Реализација на работилници на тема: Ученичка акција за позитивна еколошка промена „Со рециклирање на пластични шишиња до позелена иднина“ | Стручна служба, наставници<br>Ученици од I и IX одделение | 06.11.2023 | Поттикнати работни навики |
| Читање реферат за Ден на ослободувањето на Скопје и Ѓорче Петров | Одбележување на денот на ослободувањето на град Скопје и Ѓорче Петров | Љупка Христова<br>Ученици од I до IX одделение | 13.11.2023 | Негување на историските настани |
| Новогодишна работилница | Реализација на Новогодишна работилница во училиштето | Одделенски наставници<br>Ученици од I до V одделение | 25.12 - 29.12.2023 | Развивање на креативноста кај учениците |
| Активности по повод патрониот празник на училиштето | Реализација на спортски активности во соработка со родителите од I до V одделение<br>Реализација на разновидни забавни и спортски активности | Одделенски и предметни наставници<br>Ученици од I до IX одделение | 27.03.2024<br>29.03.2024 | Поттикнати почит и љубов кон своето училиште |
| „Априлијада“ – избор на маски | Изработка и избор на најдобри маски – дефиле во паркот во „Ѓорче Петров“ | Ученици од I до IX одделение | 01.04.2024 | Развивање на креативноста кај учениците |
| Посета на театарот за деца и младинци „Цветната улица“ | Да се применат знаење од подрачјето Медиумска култура кои се изучуваат на часот по македонски јазик, да се развијат навики за културно однесување во театар како и љубовта кон театарот и глумата. | Одделенски наставници од $I^1$, $I^2$, $II^1$, $II^2$, $III^1$, $III^2$ и ученици од I-III одд. | 16.04.2024 | Развивање позитивни навики за посета на театар или кино претстава |
| Читање реферат за 9 Мај- Ден на Европа | Запознавање со значењето на Денот на Европа | Љупка Христова<br>Ученици од I до IX одделение | 09.05.2024 | Потсетување на 9 Мај 1945 год.како победа над фашизмот |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Читање реферат за Св. Кирил и Методиј | Одбележување на Денот на сесловенските просветители | Љупка Христова<br>Ученици од I до IX одделение | 22.05.2024 | Потсетување на значењето на Св. Кирил и Методиј |
| Положување цвеќе на споменикот на Ѓорче Петров | Одбележување на 103 години од убиството на Ѓорче Петров | Елеонора Трајковска - директор | 28.06.2024 | Негување на историските настани |

## ПРИЛОГ 35. Следење и евалуација на годишната програма на основното училиште

| Година 2023/2024 | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Временска рамка (месец) | | | | | | | | | | | | | | | | Следење | |
